СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 152 Год. LXIII Вторник, 18 декември 2007 Цена на овој број е 250 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2113.	**Одлука** за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници.....	2
2114.	**Одлука** за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.....	7
2115.	**Одлука** за помилување на осудени лица.....	8
2116.	**Правилник** за начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите и роковите на вршењето на задолжителните здравствено - хигенски прегледи на вработените.....	8
2117.	**Правилник** за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација.....	10
2118.	**Правилник** за содржината, постапката и начинот на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар.....	14
2119.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	17
2120.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	17
2121.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	18
2122.	**Правилник** за измена на Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи и резимето на годишните извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност……..	18
	Основен суд Свети Николе	
256.	**Решение** за постојани судски вештаци во Основниот суд Свети Николе....	19
	Меѓународни договори	
36.	**Закон** за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.....	1-76
	Огласен дел.....	1-32

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2113.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17.12.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВАТА МЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2007 година, во посебниот дел во втората потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши следната пренамена на средства:

Во Разделот 01002 - Агенција за разузнавање, во потпрограма 20 - Разузнавање, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 6.000.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 3.000.000 денари;

Во Разделот 02001 - Собрание на Република Македонија, во потпрограма 20 -Собрание на Република Македонија, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 23.841.000 денари;

Во Разделот 02004 - Државна изборна комисија, во потпрограма 20 - Државна изборна комисија, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 1.500.000 денари, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 2.500.000 денари и ставката 483 -Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 2.000.000 денари;

Во Разделот 04001 - Влада на Република Македонија, во потпрограма 30 -Информатичка поддршка на Владата, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 5.500.000 денари, во потпрограмата Д4 - Економска промоција, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 11.100.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 4.500.000 денари и ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 234.000 денари, во потпрограмата Д5 - Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 92.000.000 денари, во потпрограма К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 25.729.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 8.231.000 денари и ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 206.000 денари;

Во Разделот 04002 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во потпрограма 1А - Реконструкција на згради на владини органи, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 18.000.000 денари;

Во Разделот 04006- Државно правобранителство на Република Македонија, во потпрограма 20 - Државно правобранителство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 3.500.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 1.500.000 денари;

Во Разделот 04009 - Секретаријат за европски прашања, во потпрограма 20 - Секретаријат за европски прашања, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 5.000.000 денари, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 2.000.000 денари, во потпрограма 30 - Прилагодување на институциите во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 3.300.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 1.700.000 денари;

Во Разделот 05001 - Министерство за одбрана, во потпрограма 20 - АРМ, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 10.000.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки се намалува за 145.810.000 денари, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 100.000.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 361.896.000 денари;

Во Разделот 05002 - Дирекција за безбедност на класифицирани информации, во потпрограма В2 - Интеграција во НАТО, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.899.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 736.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари и ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 1.500.000 денари;

Во Разделот 05003 - Дирекција за заштита и спасување, во потпрограма 20 - Заштита и спасување, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 500.000 денари, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 1.500.000 денари, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 3.000.000 денари и ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 05004 - Центар за управување со кризи, во потпрограма 20 - Управување со кризи, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 7.000.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 3.000.000 денари, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 2.000.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки се намалува за 1.000.000 денари, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 1.000.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 4.000.000 денари, во потпрограма 30 - Комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување, ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 1.100.000 денари;

Во Разделот 06001 - Министерство за внатрешни работи, во потпрограма 21 - Сектори за внатрешни работи, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 30.000.000 денари, во потпрограма В1 - Гранична полиција, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки се намалува за 10.000.000 денари и во потпрограма В2 - Интеграција во НАТО, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 07001 - Министерство за правда, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 2.500.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 5.000.000 денари и ставката 426 - Други тековни расходи се нама-

лува за 1.000.000 денари и во потпрограма 20 - Управен инспекторат, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 500.000 денари;

Во Разделот 07002 - Управа за извршување на санкции, во потпрограма 3А - Изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 15.000.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 3.000.000 денари;

Во Разделот 08001 - Министерство за надворешни работи, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 20 - Дипломатски и конзуларни претставништва, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 15.000.000 денари, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 8.000.000 денари, во потпрограма 3А - Национален информациски систем за визно работење и визен центар, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 6.000.000 денари; во потпрограма 50 - Претседавање со 62-та Сесија на Генералното собрание на ОН, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 7.000.000 денари и ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 2.000.000 денари;

Во Разделот 09001 - Министерство за финансии, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 500.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 500.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки се намалува за 2.000.000 денари и ставката 485 - Други финансиски средства се намалува за 8.000.000 денари, во потпрограма 20 - Макроекономска и фискална политика, ставката 401 - Основни плати и надоместоци, се намалува за 1.000.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 10.000.000 денари, во потпрограма 30 - Управување со капитал, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 300.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 200.000 денари, во потпрограма 40 - Финансиски систем, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 300.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 200.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 2.000.000 денари и ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 4.000.000 денари; во потпрограма 70 - Имотно правни работи, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 500.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите, се намалува за 200.000 денари, во потпрограма 71 - Подрачни единици, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 500.000 денари, во потпрограма 80 - Дирекција за спречување на перење пари, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 300.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 200.000 денари, во потпрограма 90 - Државен девизен инспекторат, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 150.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 150.000 денари;

Во Разделот 09002 - Министерство за финансии - функции на државата, во потпрограма 20 - Функции, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 216.000.000 денари, ставката 483 – Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 70.000.000 денари и ставката 486 – Финансиски средства се намалува за 100.000.000 денари и во потпрограма 21 - Резерви, ставката 412 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) се намалува за 100.000.000 денари;

Во Разделот 09004 - Биро за стоковни резерви, во потпрограма 20 - Стоковни резерви, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 6.000.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 6.000.000 денари и ставката 484 - Стратешки стоки и други резерви се намалува за 117.000.000 денари;

Во Разделот 09005 - Управа за јавни приходи, во потпрограма 20 - Управа за јавни приходи, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 10001 - Министерство за економија, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.514.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 1.298.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 9.000 денари, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 1.500.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 11.000.000 денари и ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 500.000 денари, во потпрограма 20 - Индустриска политика и приватизација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 350.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 12.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.500.000 денари, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 4.000.000 денари; во потпрограма 23 - Управа за наменско производство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 400.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 206.000 денари, во потпрограма 30 - Либерализација на пазарот на енергетиката, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 3.100.000 денари, во потпрограма 31 - Агенција за енергетика, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 6.000.000 денари, во потпрограма 32 - Развој на енергетиката, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 20.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 4.000.000 денари, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 9.500.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 1.300.000 денари, во потпрограма 43 - Метрологија, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 431.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 89.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 21.000 денари; во потпрограма 50 - Искористување на природните ресурси, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 100.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 100.000 денари и ставката 425-Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма 5А - Основни и детални геолошки истражувања, ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 12.000.000 денари; во потпрограма 5Б - Геолошко ин-

формативен систем, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 2.000.000 денари, во потпрограма 60 - Промоција на туризмот, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 200.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 50.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.500.000 денари, во потпрограма 61 - Развој на туристичката понуда, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.500.000 денари, во потпрограма 91 - Европски интеграции, ставката 402- придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 50.000 денари, во потпрограма Д1 - Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 7.000.000 денари, во потпрограма Д2 - Обука и преквалификација, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма Д4 - Странски инвестиции и промоција, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 150.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 30.000.000 денари, ставката 462 - Субвенции за приватни претпријатија се намалува за 9.000.000 денари и ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма Д5 - Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 20.000.000 денари, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 127.100.000 денари и во потпрограмата Д7 - Унапредување на деловните активности, ставката 461 - Субвенции за јавни претпријатија се намалува за 1.000.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 4.000.000 денари;

Во Разделот 13001 - Министерство за транспорт и врски, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 6.900.000 денари, во потпрограма 20 - Сообраќај и комуникации, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 2.500.000 денари, ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се намалува за 30.000.000 денари, во потпрограма 30 - Урбанизам и градежништво, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 8.000.000 денари, во потпрограма 3А - Санација на свлечишта, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 3.000.000 денари и ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 2.000.000 денари, во потпрограмата 3Д - Водоснабдување на Тетово и Св. Николе, ставката 488 - Капитални дотации до ЕЛС се намалува за 56.000.000 денари, во потпрограма 3Г - Водоснабдување на Прилеп, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 9.300.000 денари и во потпрограмата 3В - МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините и животната средина, ставката 488 - Капитални дотации до ЕЛС се намалува за 27.100.000 денари;

Во Разделот 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 316.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 141.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 1.000.000 денари, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 30.000.000 денари, во потпрограма 11 - Земјоделска политика и координација на меѓународната помош, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 78.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 22.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, во потпрограма 20 - Шумарство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 779.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 297.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 7.000.000 денари, во потпрограма 21 - Шумска полиција, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 158.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 103.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, во потпрограма 30 - Земјоделство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.237.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 441.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 4.000 денари, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 55.003.000 денари, во потпрограма 31 - Државен инспекторат за земјоделство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 369.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 139.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 3.000 денари, во потпрограма 40 - Ветерина, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 2.915.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 1.139.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 7.000 денари, во потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.423.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 707.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 4.000 денари, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 52 - Заштита на семе и саден материјал, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 401.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 170.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, во потпрограма 60 - Водостопанство, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 219.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 80.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 1.000 денари, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 8.000.000 денари; во потпрограма 6А - Хидросистем Злетовица, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 50.000.000 денари, во потпрограма 6Б - Хидросистем Лисиче, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 10.000.000 денари, во потпрограма 6В - Рехабилитација и реструктуирање на наводнувањето, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 1.400.000 денари, во потпрограма ББ - Ревитализација на селата, ставката 488 - Капитални дотации до ЕЛС се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма БВ - Ру-

рален развој - пилот проект за користење на структурните фондови на ЕУ, ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се намалува за 11.000.000 денари; во потпрограма БГ - Платежна агенција, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 2.654.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 1.136.000 денари, ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 49.000 денари, 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки се намалува за 1.500.000 денари и ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 14002- Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола, во потпрограма 40 - Развој, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 3.000.000 денари;

Во Разделот 15001 - Министерство за труд и социјална политика, во потпрограмата Б2 - Реформа на системот на социјална заштита, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 2.000.000 денари;

Во Разделот 15010 - Општествена заштита на децата, во потпрограма 21 - Дејност на детски градинки, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 7.500.000 денари и ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 500.000 денари, во потпрограма 22 - Дејност на детски одморалишта, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 500.000 денари;

Во Разделот 15020 - Социјална заштита, во потпрограма 21 - Меѓуопштински центри за социјална работа, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 2.000.000 денари, во потпрограма 22 - Прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство, ставката 464 - Разни трансфери се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 23 - Дневни центри за деца на улица, корисници на дрога и деца со пречки во развојот, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма 31 - Установи за згрижување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 5.000.000 денари и ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 41 - Надоместоци по основ на права од социјална заштита, ставката 471 - Социјални надоместоци се намалува за 2.000.000 денари, во потпрограма 46 - Поддршка на социјални фондови, ставката 431 - Трансфери до Фондот за ПИОМ се намалува за 150.000.000 денари и ставката 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување се намалува за 40.000.000 денари;

Во Разделот 16001 - Министерство за образование и наука, во потпрограма 20 - Основно образование, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 5.000.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 24.000.000 денари, во потпрограма 30 - Средно образование, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 2.000.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 1.000.000 денари, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 1.000.000 денари и ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма 40 - Високо образование, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 2.000.000 денари, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 34.000.000 денари, во потпрограма 4Б - Реконструкција на факултетски згради, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 6.000.000 денари, во потпрограма 5А - Реконструкција на ученички домови, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограма 6А - Реконструкција на студентски домови, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 25.000.000 денари, во потпрограма 71 - Научно-истражувачка работа, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 6.000.000 денари, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 4.000.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 4.000.000 денари, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 5.000.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 3.000.000 денари, во потпрограма 72 - Научни институти, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 1.000.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 16002 - Биро за развој на образованието, во потпрограма 40 - Развој и подготовка на наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 1.000.000 денари и ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 18001 - Министерство за култура, во потпрограма 1А - Стар Театар, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 20.242.000 денари, во потпрограма 1В - Градска куќа и Концертна сала, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 5.195.000 денари;

Во Разделот 18010 - Финансирање на дејностите од областа на културата, во потпрограма 2А - Надградба на НУ Универзитетска библиотека Св. Климент Охридски Скопје, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 4.400.000 денари, во потпрограма 2Б - Изградба на библиотека во Тетово, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 22.341.000 денари, во потпрограма 4А - Голема концертна сала за Македонската филхармонија, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 5.165.000 денари, во потпрограма 4Б - Изградба на Театар во Велес, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 4.827.000 денари, во потпрограма 5В - Реставрација на куќата на Мајка Тереза, ставката 482 - Други градежни објекти се намалува за 5.468.000 денари;

Во Разделот 19001 - Министерство за здравство, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 2.230.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 730.000 денари и ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 6.000 денари, во потпрограма 20- Државен, санитарен и здравствен инспекторат, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.000.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 100.000 денари, потпрограма 30 - Биро за лекови, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 350.000

денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 100.000 денари, потпрограма 40 - Дирекција за храна, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 2.700.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 400.000 денари;

Во Разделот 19101 - Министерство за локална самоуправа, во потпрограма 30 - Развој на локалната самоуправа, ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 21001- Државен завод за геодетски работи, во потпрограма 20 - Програма за премер и катастар, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 7.000.000 денари;

Во Разделот 22001 - Државен завод за статистика, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 424 - Поправки и тековно одржување се намалува за 1.500.000 денари, во потпрограма 20 - Статистички истражувања, ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 3.000.000 денари, во потпрограма 30 - Програма за попис, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 18.000.000 денари, ставката 423 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка се намалува за 3.500.000 денари, ставката 426 - Други тековни расходи се намалува за 3.900.000 денари, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 1.000.000 денари и ставката 485 - Други нефинансиски средства се намалува за 4.000.000 денари;

Во Разделот 25001 - Биро за судски вештачења, потпрограма 20 - Судски вештачења, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.840.000 денари, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 800.000 денари и ставката 403 - Останати придонеси од плати се намалува за 10.000 денари;

Во Разделот 26001 - Македонска академија на науките и уметностите, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 3.000.000 денари и ставката 425 - Договорни услуги се намалува за 1.000.000 денари;

Во Разделот 28001 - Биро за стопански недоволно развиените подрачја, во потпрограма 20 - Развој на стопански недоволно развиените подрачја, ставката 488 - капитални дотации до ЕЛС се намалува за 20.000.000 денари и во потпрограмата 2Б - Изградба на патниот правец Табановце - Куманово, Граничен премин со Република Србија, ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 29010 - Судска власт, во потпрограма Г5 - Академија за обука на судии и обвинители, ставката 420 - Патни и дневни расходи се намалува за 1.400.000 денари, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се намалува за 500.000 денари, ставката 481 - Градежни објекти се намалува за 1.000.000 денари и ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се намалува за 500.000 денари;

Во Разделот 31010 - Јавно обвинителство на Република Македонија, потпрограма Г3- Одделение за борба против организираниот криминал, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 4.500.000 денари и

Во Разделот 31101 - Народен правобранител, потпрограма 20 - Народен правобранител, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се намалува за 1.200.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува за 800.000 денари.

Во Разделот 04001 - Влада на Република Македонија, во потпрограмата Д4 - Економска промоција, ставката 425 - Договорни услуги се зголемува за 12.000.000 денари;

Во Разделот 04002 - Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се зголемува за 18.000.000 денари;

Во Разделот 06001 - Министерство за внатрешни работи, во потпрограма 20 - Јавна безбедност, ставката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини се зголемува за 620.000.000 денари;

Во Разделот 09002 - Министерство за финансии - функции на државата, во потпрограма 20 - Функции, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 342.000.000 денари, ставката 482 - Други градежни објекти се зголемува за 200.000.000 денари, ставката 487 – Капитални трансфери до вонбуџетски фондови се зголемува за 45.000.000 денари, ставката 488 - Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 40.000.000 денари и ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се зголемува за 395.000.000 денари;

Во Разделот 12101 - Министерство за животна средина и просторно планирање, во потпрограма 21 - Одржлив развој, ставката 482 - Други градежни објекти се зголемува за 1.500.000 денари и во потпрограма 4А - Изградба и реконструкција на пречистителни станици, ставката 482 - Други градежни објекти се зголемува за 4.500.000 денари;

Во Разделот 13001 - Министерство за транспорт и врски, во потпрограма 2А - Северна трибина на Градски стадион, ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се зголемува за 300.000.000 денари, во програмата 3 - Урбанизам и градежништво, се воведуваат нова потпрограма 3И - Изградба на станови за лица со ниски примања, нова ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 300.000.000 денари и нова потпрограма 3Ј - Изградба на фекална канализација во Инџиково, нова ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 61.000.000 денари;

Во Разделот 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во потпрограма 60 - Водостопанство, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 75.000.000 денари;

Во Разделот 15001 - Министерство за труд и социјална политика, во потпрограмата Б1 - Поттикнување на вработувањето, ставката 432 - Трансфери до Агенцијата за вработување се зголемува за 30.000.000 денари;

Во Разделот 15020 - Социјална заштита, во потпрограма 21 - Меѓуопштински центри за социјална работа, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се зголемува за 2.670.000 денари, во потпрограма 31 - Установи за згрижување на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се зголемува за

2.740.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се зголемува за 1.300.000 денари, во потпрограма 32 - Установи за згрижување на деца без родители, ставката 401 - Основни плати и надоместоци се зголемува за 1.000.000 денари и ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се зголемува за 700.000 денари, во потпрограма 33 - Установи за згрижување на деца и младинци со воспитно социјални проблеми, ставката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се зголемува за 90.000 денари;

Во Разделот 16001 - Министерство за образование и наука, во потпрограма 20 - Основно образование, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 762.000 денари и ставката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се зголемува за 100.000.000 денари, во потпрограма 30 - Средно образование, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 46.000.000 денари;

Во Разделот 16101 - Агенција за млади и спорт, во потпрограма 40 - Меѓународни активности за спорт, ставката 463 - Трансфери до невладини организации се зголемува за 10.000.000 денари;

Во Разделот 18001 - Министерство за култура, во потпрограма 10 - Администрација, ставката 488 - Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 100.000.000 денари и

Во Разделот 18010 - Финансирање на дејностите од областа на културата, во потпрограма 40 - Музичка и сценско-уметничка дејност, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 1.000.000 денари, во потпрограма 50 - Заштита на културното наследство, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 6.000.000 денари, потпрограма 5А - Изградба на две цркви, ставката 482 - Други градежни објекти се зголемува за 7.000.000 денари, во потпрограма 70 - Културно-уметнички манифестации, ставката 464 - Разни трансфери се зголемува за 10.000.000 денари, во потпрограма 90 - Меѓународна соработка, ставката 420 - Патни и дневни расходи се зголемува за 12.300.000 денари, ставката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се зголемува за 500.000 денари, ставката 425 - Договорни услуги се зголемува за 1.100.000 денари и ставката 426 - Други тековни расходи се зголемува за 7.525.000 денари.

Член 2

Во Билансот на приходи по ставки и намени на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ставката 741 -Трансфери од други нивоа на власт се намалува за 150.000.000 денари, додека во посебниот дел, во потпрограмата 20 - Пензиско и инвалидско осигурување, ставката 472 - Плаќања на бенефициии од Пензискиот фонд се намалува за 150.000.000 денари.

Член 3

Во Билансот на приходи по ставки и намени на Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта, ставката 741 - Трансфери од други нивоа на власт се зголемува за 45.000.000 денари, додека во посебниот дел на Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта, во потпрограмата 20 - Изградба и одржување на патишта, ставката 482 - Други градежни објекти се зголемува за 45.000.000 денари.

Член 4

Во Билансот на приходи по ставки и намени на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, ставката 741 - Трансфери од други нивоа на власт се намалува за 10.000.000 денари, додека во посебниот дел на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во потпрограмата 20 - Осигурување на невработени лица, ставката 473 - Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување се намалува за 40.000.000 денари, во потпрограмата Б1 - Поттикнување на вработувањето, ставката 473 - Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување се зголемува за 30.000.000 денари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 5435/1
17 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

2114.

Врз основа на членот 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членот 115 ставови 1 и 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 97/2006 и 10/2007), во членот 2 точка 14. Комисија за образование, наука и спорт ставот 1 се менува и гласи:

"Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици."

Во точката 17. Комисија за труд и социјална политика ставот 1 се менува и гласи:

"Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици."

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07 - 5443/1
18 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2115.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Живко Дракче Стаматовски од Тетово.
2. Магда Љупчо Николова од Скопје.

II

Извршувањето на казната затвор му се замени со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. Тодор Ангел Шумански од Штип, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Марјан Кирил Сарамандов од Радовиш, во траење од 6 месеци,
2. Мартин Кирил Павлов од Виница, во траење од 5 месеци,
3. Витомир Благој Илин од Гевгелија во траење од 3 месеци,
4. Башким Џавид Реџепи од с. Горно Лисиче-Скопје, во траење од 4 месеци,
5. Предраг Киро Лазаров од с. Грдовци, во траење од 4 месеци,
6. Сунај Јашар Реџепи од с. Врапчиште, во траење од 3 месеци.

IV

Извршувањето на казната затвор му се замени со условна осуда за време од 3 години на осуденото лице:

1. Ремзије Ариф Салахи од с. Опаје, во траење од 6 месеци.

V

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Александар Мијалче Митев од Пробиштип, во траење од 6 месеци,
2. Тони Здравко Арсов од Свети Николе, во траење од 3 месеци,
3. Драган Станко Васиќ од с. Умин Дол, во траење од 6 месеци.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1027
17 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

2116.

Врз основа на член 48 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/2004), министерот за здравство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ, СОДРЖИНАТА НА ПРЕГЛЕДИТЕ, ВИДОВИТЕ НА ПРЕГЛЕДИТЕ И РОКОВИТЕ НА ВРШЕЊЕТО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ЗДРАВСТВЕНО - ХИГЕНСКИ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите и роковите на вршењето на задолжителните здравствено-хигенски прегледи на вработените.

Член 2

Задолжителните здравствено - хигенски прегледи заради спречување на заразните болести се вршат како:

- претходни здравствено-хигиенски прегледи - пред стапување во работен однос,
- периодични здравствено - хигиенски прегледи- во текот на работата и
- вонредни здравствено-хигиенски прегледи - по барање на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и по епидемиолошки индикации.

Член 3

Здравствено - хигенски прегледи на вработените во установите за основно, средно и друг вид на образование, воспитување, згрижување и рекреација на деца, на училишна и студентска младина се вршат еднаш годишно и опфаќаат:

1. лекарски преглед на специфични заразни заболувања (туберкулоза на бели дробови) и други заразни болести на респираторниот тракт,
2. рентгенска снимка на бели дробови, ако со лекарскиот преглед се посомнева на туберкулоза на бели дробови или по епидемиолошка индикација,
3. земање материјал и бактериолошко испитување на брис од нос и грло на гнојни бактериски заболувања и клицоносителство.

Здравствено-хигиенски прегледи на вработените во установите во кои се згрижени предучилишни деца, покрај прегледите наведени во став 1 на овој член, опфаќаат и земање и преглед на фецес (измет) на Salmonella, Shigella, ентеротропна Escherichia coli и паразити Enterobius (Oxyuris) vermicularis, Entamoeba histolytica i Lamblia intestinalis.

Член 4

Здравствено-хигиенски прегледи на здравствени работници и здравствени соработници и вработените во производството, подготвувањето, издавањето на лекови и лицата кои на друг начин во текот на работата доаѓаат во непосреден контакт со лекови, се вршат еднаш годишно и опфаќаат:

1. лекарски преглед на специфични заразни заболување (туберкулоза на бели дробови) и други заразни болести на распираторниот тракт;

2. рентгенска снимка на бели дробови, ако со лекарскиот преглед се посомнева на туберкулоза на бели дробови или по епидемиолошка индикација,

3. земање материјал и бактериолошко испитување на брис од нос и грло на гнојни бактериски заболувања и клицоносителство.

Здравствено-хигиенски прегледи на здравствени работници и здравствени соработници кои работат во породилишта и на детските оддели во здравствените установи, покрај прегледите наведени во став 1 на овој член, опфаќаат и земање и преглед на фецес (измет) на Salmonella, Shigella и ентеротропна Escherichia coli.

Член 5

Здравствено-хигиенски прегледи на вработени лица кои во производството или прометот со храна или при снабдувањето на населението со вода за пиење на своите работни места доаѓаат во непосреден допир со храна односно вода за пиење, се вршат на секои шест месеци и опфакаат:

1. лекарски преглед на гнојни кожни заболувања и заразни болести што можат да се пренесат преку храна и вода за пиење,

2. земање материјал и бактериолошки преглед на фецес (измет) на салмонела и шигела,

3. испитување на фецес (измет) и перианален брис на паразити: Enterobius (Oxyuris) vermicularis, Hymenolepis nana, Taenia Solium, Entamoeba histolytica и Lamblia intestinalis,

4. рентгенска снимка на бели дробови, ако со лекарскиот преглед се посомнева на туберкулоза на бели дробови.

Здравствено-хигиенски прегледи на лицата вработени во производството или прометот на млеко и млечни производи, сладолед и други слаткарски производи или на подготвување на храна во кујни, покрај прегледот од став 1 на овој член, опфаќа земање материјал од нос и грло и бактериолошки преглед на Staphylococcus aureus koagulaza позитивен според епидемиолошките индикации.

Ако при лекарскиот преглед се посомнева дека прегледаното лице боледува од некоја заразна болест која може да се пренесе со храна или вода за пиење, се зема потребен материјал и се вршат лабораториски прегледи што се потребни заради потврдување на дијагнозата.

Ако при лекарскиот преглед се утврди дека прегледаното лице има воспаление на горните дишни патишта, се зема брис од нос и грло и се врши бактериолошки преглед на Staphylococcus aureus koagulaza позитивен.

Член 6

Здравствено - хигенски прегледи на лицата кои укажуваат хигиенска нега, работат во прозводството на козметички средства, во производство на предмети за општа употреба или вршат рекреација на населението се вршат еднаш годишно и опфаќаат:

1. лекарски преглед на гнојни и паразитарни заболувања на кожата и слузокожата,

2. лекарски преглед на специфични заразни заболувања (туберкулоза на бели дробови) и други заразни болести на распираторниот тракт,

3. рентгенска снимка на бели дробови, ако со лекарскиот преглед се посомнева на туберкулоза на бели дробови или по епидемиолошка индикација,

4. бактериолошко испитување на брис од нос и грло на гнојни бактериски заболувања и клицоносителство.

Член 7

Здравствено-хигенските прегледи се вршат од страна на заводите за здравствена заштита и Републичкиот завод за здравствена заштита.

По извршениот здравствено-хигиенски преглед, во случај на докажан причинител на заразна болест заводите за здравствена заштита писмено го известуваат Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Ако бактериолошкиот наод е позитивен, се врши повторен преглед се до добивање на негативен наод.

Член 8

Резултатите од извршените здравствено-хигенски прегледи на вработените лица, се запишуваат во санитарна книшка дадена на образец кој е составен дел на овој правилник.

Санитарната книшка се чува кај правното односно физичкото лице каде е вработено прегледаното лице.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да се применува Правилникот за здравствените прегледи на лицата ставени под здравствен надзор заради спречување на заразни болести ("Службен лист на СФРЈ" бр. 42/85).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 16-19259/1
10 декември 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Имер Селмани**, с.р.

(Прва страна на корицата)

(100 / 140 mm)

САНИТАРНА КНИШКА

(Прва внатрешна страна)

ФОТО

_____
(потпис)

Број на книшката_____
Место и датум на издавање_____

_____
Потпис на лекарот

м.п.

(Втора внатрешна страна)

ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕГЛЕДАНОТО ЛИЦЕ

Презиме
_____
Име
_____
Место и година на раѓање_____

ЕМБ

Вработен во :
_____
_____
Работно место
_____

(Трета внатрешна страна)

СО ЗДРАВСТВЕНО-ХИГИЕНСКИОТ ПРЕГЛЕД Е УСТАНОВЕНО

Преглед	Назив на здравствена установа што го извршила прегледот	Број на амбулантен односно лабораториски дневник	Резултат од преглед	Ртезултат од повторен преглед
Брис од нос и грло				
Рентген(ТБЦ)				
Кожни и др. болести				
Фецес (измет) Цревни паразити				

Врз основа на извршениот преглед лицето _____
не* - ги исполнува пропишаните посебни здравствени-хигиенски услови за работа согасно Законот за заштита на населението од заразни болести.
На ден _____200_____ година
Повторен преглед на ден _____200_____година Потпис на лекарот

м.п.

*/ непотребно да се прецрта

(текстот на четвртата, петтата, шесттата, седмата, осмата, деветтата и десеттата внатрешна страна е идентичен со текстот од третата внатрешна страна).

_____

2117.

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004), министерот за здравство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ПО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И КАДАРОТ, НАЧИНОТ И СРЕДСТВАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишани поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација (во понатамошниот текст: ДДД), кои треба да ги исполнуваат заводите за здравствена заштита и другите правни лица кои вршат ДДД.

Член 2

1. Одделни изрази употребени во овој правилник, го имаат следното значење:

2. "Дезинфекција" е збир на постапки за уништување, инхибирање на растот и размножувањето на патогените микроорганизми на површината на телото, во секретите и екскретите, на предметите, материјалите и во просторот или отстранување на поголемиот број микроорганизми.

3. "Дезинсекција" е збир на постапки за намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, за инхибирање на растот и размножувањето или за пот-

полно уништување на присутната популација на штетни членконошци (Arthropoda) кои пренесуваат причинители на заразни болести, паразитираат на телото на човекот, предизвикуваат алергиски реакции, имаат токсично дејство или се наметници односно вознемирувачи или се амбарски штетници во складишта и простории за храна.

4. "Дератизација" е збир на постапки за намалување на популацијата на штетни глодачи под прагот на штетност, инхибирање на нивното размножување или потполно уништување на присутната популација на штетни глодачи кои се природни резервоари и пренесувачи на причинители на заразни болести или се амбарски штетници или глодачи во складишта и простории за храна.

II. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДДД ПО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА, КАДАРОТ И СРЕДСТВАТА

А) ПРОСТОР

Член 3

Здравствената установа и другите правни лица кои вршат ДДД (во понатамошниот текст: изведувач на ДДД дејноста), треба да го има следниот простор:

1. Технички и санитарно-хигиенски безбедна магацинска просторија за чување/складирање на отрови од 20 м 2, усогласен со одредбите на прописите за хемикалии;
2. Просторија за чување на техничка опрема и апарати за примена од 16 м2;
3. Просторија од 12 м2 за чување на заштитна опрема и по два гардеробери за секој вработен (еден за чување на работна облека и лични заштитни средства, а втор за чување на лична гардероба);
4. Просторија со телефон и факс за административна работа и престој на лицата кои изведуваат ДДД од 12 м2 и
5. Посебен санитарен јазол со предпростор и туш кабина за непосредните изведувачи на ДДД дејноста.

Член 4

Изведувачот на ДДД дејноста, кој при работата врши и фумигација (со отрови од група I), покрај просторните услови пропишани во член 3 на овој правилник, треба да обезбеди и посебна посторија изградена според прописите за чување на отрови од група I.

Член 5

Просториите за сместување, чување и издавање на хемикалии од член 3 и член 4 од овој правилник мора да бидат изградени од цврст материјал, согласно санитарно-техничките и хигиенските услови во поглед на локацијата, начинот на изградба, квалитетот на зидовите и подовите, вентилацијата, температурата и влажноста.

Просториите за сместување, чување и издавање на хемикалии мора да се снабдени со доволен број на ормани или полици за сместување на хемикалиите за да се спречи механичко и друго оштетување на поединечните пакувања.

Просториите за сместување, чување и издавање на хемикалии мора да бидат под клуч. На влезната врата во просторијата мора да бидат истакнати ознаки за забранет пристап на неовластени лица и за видот на хемикалијата која се чува во просторијата на магацинот. На орманите и полиците мора да бидат истакнати ознаки за видот на хемикалијата која се складира. На видливи места во просторијата мора да биде истакната ознака за забрана за пушење, земање на храна и напитоци, напишани упатства за постапки во случај на несреќа, ознаки за правец на движење во случај на пожар или други несреќи со хемикалии.

Б) ОПРЕМА

Член 6

Изведувачот на ДДД дејноста треба да ја обезбеди најмалку следната опрема за работа:

1. Садови за подготвување на раствори;
2. Рачни пумпи за прскање;
3. Грбни моторни пумпи за прскање со додатоци за запрашување и гранулирање;
4. Апарат за микрораспрскување;
5. Уред за ладно замаглување - генератор за аеросоли;
6. Уред за топло замаглување со капацитет од 5 литри;
7. Опрема за хлорирање на вода;
8. Мерач на резидуален хлор во вода.

Изведувачот од став 1 на овој член ако како општа или посебна мерка за заштита на населението од заразни болести врши и фумигација (со отрови од група I), освен опремата пропишана во став 1 од овој член, треба да има:

1. Отварачи за специфичен фумигант, дозатор и евапоризатор во зависност од видот на гасот кој се применува;
2. Уред за детекција на гасови со доволен број на индикаторски цевчиња или сензори за детекција на фумигантот кој се користи при работата.

Член 7

Изведувачот на ДДД дејноста, освен опремата од член 6 од овој правилник, како помошна опрема треба да има:

1. Фрижидер;
2. Рачен фрижидер;
3. Превозно средство за транспорт на отрови, безбедно во однос на заштита на околината и екипата за ДДД, доколку се превезува со истото возило;
4. Сад - контејнер за транспорт на мамки за дератизација и
5. Сад - контејнер за транспорт на отрови.

В) КАДАР

Член 8

Изведувачот на ДДД дејноста кој врши ДДД како општа мерка за заштита на населението од заразни болести (во понатамошниот текст: превентивна ДДД) треба да има вработено, најмалку еден доктор по медицина и два медицински лаборанти - техничари или санитарни техничари на неопределено време, со полно работно време.

Изведувачот на ДДД дејноста кој врши ДДД како задолжителна посебна мерка за заштита на населението од заразни болести (во понатамошниот текст: противепидемиска ДДД) треба да има вработено најмалку еден доктор по медицина - специјалист епидемиолог и два медицински лаборанти - техничари или санитарни техничари на неопределено време, со полно работно време.

Изведувачот на ДДД дејноста кој врши фумигација (во работата користат отрови од група I), треба да има најмалку еден доктор по медицина и три медицински лаборанти - техничари или санитарни техничари вработени на неопределено време, со полно работно време.

Член 9

Заради обезбедување на стручно и ефикасно вршење на ДДД за одговорните лица и за изведувачите на ДДД дејноста се организира обука за работа со отрови и други отровни материи и хемикалии од страна на јавни здравствени установи овластени од Министерство за здравство.

Лицата кои завршиле обука за работа со отрови и други отровни материи и хемикалии добиваат потврда за стекнати знаења од оваа област.

Г) СРЕДСТВА

1) Средства за лична заштита

Член 10

Изведувачот на ДДД дејноста за секој вработен треба да има најмалку по еден комплет од следните средства за лична заштита:

1. Заштитна работна облека и покривка за глава;
2. Заштитни очила;
3. Пластични ракавици и обувки за еднократна употреба;
4. Заштитни гумени или кожни ракавици отпорни на хемикалии;
5. Заштитни гумени обувки и
6. Специјална заштитна маска со соодветни филтри (за органски пареи и честички, за прашоци и аеросоли) прилагодени на физичко-хемиските својства и најмалку еден резервен филтер.

Изведувачот на ДДД дејноста, за секоја самостојна екипа треба да има:

1. Еден комплет опрема за давање прва помош со соодветни антидоти за сите отрови со кои се работи и основни симптоматски лекови кој мора да го чува одговорното лице за работа со хемикалии;
2. Еден мерач на крвен притисок и стетоскоп и
3. Упатство за давање на прва помош во случај на труење.

Член 11

Изведувачот на ДДД дејноста кој врши ДДД како општа или посебна мерка за заштита на населението од заразни болести, а при работата врши и фумигација (со отрови од група I), освен средствата за лична заштита пропишани во член 10 став 1 и 2 од овој правилник, треба да има:

1. Специјални респираторни маски со соодветен филтер (за работа со отрови од група I) и најмалку еден резервен филтер за секој вработен и
2. Апарат за давање на кислород со капацитет за примена од најмалку 30 минути, за секоја екипа.

2) Средства за заштита на просториите и околината

Член 12

Изведувачот на ДДД дејноста треба да ги обезбеди најмалку следните средства за заштита на просториите и околината каде се спроведува ДДД:

1. Предупредувачки летоци и ленти со известувања за видот, средството, местото и времето на изведување на дејноста;
2. Лепливи ленти;
3. Пластични фолии;
4. Рачен апарат за гасење на пожар;
5. Опрема за собирање и транспорт на остатоци од мамки и изумрени глодари;
6. Средства за деконтаминација.

III. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДДД

Член 13

Изведувачот на ДДД дејноста пред да отпочне со вршење на ДДД го запознава нарачателот на услугата со:

1. Текот на работата;
2. Евентуалните опасности по луѓето, животните и околината;
3. Мерките за безбедност и заштита во просториите и објектот во однос на луѓето, животните, храната предметите и уредите и
4. Времетраењето на работите односно на опасноста.

1. Дезинфекција

Член 14

Дезинфекција се врши со механички, физички и хемиски мерки:

а) механичките мерки за дезинфекција подразбираат механичко одстранување на микроорганизмите од работни површини, предметите или во просторот како самостојни методи за одстранување на микроорганизмите, односно создавање на предуслови за успешно спроведување на други постапки на дезинфекција, а се спроведуваат со чистење, стружење, метење, одмастување и перење, филтрација, вентилација и таложење.

б) физички мерки за дезинфекција подразбираат употреба на топлина:

- Сува (сува стерилизација, пеглање, пламен);
- Влажна (варење, апарати за дезинфекција со пареа со или без притисок);
- Перење со врела вода и детергенти;
- Употреба на апарати за механичко чистење под пареа;
- Користење на сончеви и ултравиолетови зраци (посебни уреди за дезинфекција на вода, млеко, како и воздух во простории);
- Ултра звук.

в) Хемиски мерки за дезинфекција подразбираат употреба на хемиски средства:

- Препарати врз основа на хлор, јод, алкохол, соли на тешки метали, оксидативни средства, група на феноли, група на формалдехиди, алкохоли, квартерни амониеви бази и
- Други соодветни хемиски средства одобрени со важечките прописи.

Член 15

При вршење на дезинфекција се води сметка за следното:

- Дезинфекцијата во присуство на луѓе се спроведува со средства кои не се штетни по здравјето на луѓето;
- Избраното средство е такво што не ги оштетува површините и материјалот;

- При заразните болести се дезинфецира се што може да содржи патогени бактерии;
- Дезинфекција при вирусни заболувања се врши со средства кои делуваат на вирусите и
- Дезинфекцијата се врши со средства чија ефикасност е проверена.

Член 16

Ефикасноста на извршената дезинфекција се контролира со соодветни микробиолошки методи на испитување.

2. Дезинсекција

Член 17

Дезинсекција се врши со механички, физички и хемиски мерки:

а) механичките мерки за дезинсекција подразбираат чистење на просториите, навремено отстранување на отпадот и друг материјал погоден за развој на штетни членконошци (Arthropoda), подредување на залихите, превртување, исушување, уградување на препреки (мрежи), употреба на лепливи траки.

б) физички мерки на дезинсекција подразбираат постапки за регулација на микроклимата, употреба на топлина сува (сува комора, сушални, фурни), влажна - пареа (вриење) или ниска температура, како и светлина, а со цел смалување на присутната популација на членконожците, запирање на растот и размножувањето или нивно потполно уништување.

в) хемиски мерки на дезинсекција подразбираат употреба на пестициди (инсектициди), а со цел смалување на популацијата на членконожците, запирање на растот и размножувањето или потполно уништување на присутната популација или на нејзините развојни облици и се врши со:

- Контактни инсектициди од растително потекло:
- Хлорирани јаглеводороди;
- Органо-фосфорни соединенија;
- Респираторни инсектициди.

Член 18

При изборот на средството за дезинсекција се води сметка за следното:

- Употребата на средството да е одобрено со важечките прописи;
- Ефикасноста на средството да биде проверена и да делува специфично на инсектите;
- Средството да биде безопасно по здравјето на луѓето и
- Спрема тоа средство да не постои резистенција на тие инсекти.

3. Дератизација

Член 19

Дератизација се врши со спроведување на механички, физички и хемиски мерки:

а) механики мерки на дератизацијата подразбираат:
- Примена на градежно-техники мерки;
- Правилно чување на храна и одстранување на отпадоци;
- Поставување на ровови околу магацини и други објекти;
- Фаќање и уништување на глодачи со помош на клопки и замки;

б) физички мерки на дератизацијата подразбираат употреба на ултразвук со цел спречување на влез и задржување на штетни глодачи.

в) хемиските мерки на дератизација подразбираат употреба на родентициди, односно на изложување на отровни мамци со:
- Отрови со брзо дејство;
- Отрови со кумулативно дејство и
- Гасовити отрови.

Член 20

При избор на средство за дератизација се води сметка за следното:
- Употребата на средството да е одобрена со важечките прописи;
- Ефикасноста на средството да е проверена и
- Затруените мамци се поставуваат на такви места за да не можат со нив да се загади храната.

Член 21

Дезинсекција и дератизација со цијановодородни препарати-фумигација се врши само заради уништување на амбарски штетници и глодчи во складишта и простории за храна.

Член 22

При вршење на фумигација, треба да бидат исполнети следните услови:

1. Екипата за фумигација ја сочинуваат најмалку три члена. Раководителот на екипата за фумигација треба да има најмалку три години работно искуство во вршење на фумигација. Задолжително е присуството на докторот на медицина, вработен кај изведувачот, со комплетна опрема за давање прва помош и медицинска помош;

2. Задолжителна е употреба на комплетна заштитна опрема;

3. Во рок од 24 часа пред отпочнување на фумигација писмено треба да бидат известени:

а) здравствената установа - итна помош,

б) надлежната полициска станица и

в) државниот санитерен и здравствен инспекторат подрачно одделение, за видот и концентрацијата на гасот кој ќе биде употребен, ден и час на отпочнување на фумигацијата, ден и час на отпочнување на проветрувањето, како и за правилата на однесување за време и после извршената фумигација на објектот, кое се доставува задолжително со потпис на сопственикот на објектот каде што се врши фумигацијата.

4. Во објектот каде се врши фумигацијата не смее да има присутни други лица и истиот мора да е одвоен од објекти за живеење;

5. Пред отпочнување на фумигацијата на објектот се поставуваат предупредувачки натписи кои треба да бидат впечатливи и осветлени, со ознака на мртовечка глава и натпис на бела основа со црни букви: ВНИМАНИЕ ОТРОВ! ЗАБРАНЕТ ПРИСТАП! ОПАСНО ПО ЖИВОТ! ОТРОВЕН ГАС! ФУМИГАЦИЈА СО... (вид на гасот), а приодите кон објектот мора да се затворат со предупредувачки ленти.

6. По завршувањето на постапката на фумигација објектот се заклучува и запечатува;

7. Во високо ризичниот простор кој е во рамките на 6 метри од објектот на отворен простор, се забранува пристап без комплетна заштитна опрема, од почетокот на фумигацијата до завршување на проветрувањето;

8. Во времето на проветрување, после извршена фумигација, во објектот и просторот од 30 метри во пречник, дозволен е пристап само со комплетна заштитна опрема;

9. При проветрување на објектот, во просторот со пречник од 30 метри, се забранува и оневозможува пристап на пешаци и возила како и отварање на прозорци од соседните стамбени и други објекти во траење од најмалку 2 часа од моментот на пуштањето на гасот. Работата со фумиганти треба да биде во согласност на прописите за хемикалии.

10. Објектот и просторот околу него мора да биде обезбеден од чувари од моментот на пуштање на гасот до завршување на проветрувањето;

11. Повторно влегување во објектот во кој е извршена фумигација се дозволува по завршеното проветрување и извршената стручна проверка на резидуалниот гас. Раководителот на екипата за фумигација издава потврда за повторно влегување во објектот во која се наведува времето, местото и најдената концентрација на резидуален гас.

Член 23

Пред почетокот на вршење на дезинфекција и дезинсекција во објекти каде што се наоѓа храна треба да се заштити храната од можно контаминирање, како и да се применуваат инсектициди (пестициди) кои не оставаат мирис на храната.

При вршење на дератизација во простории во кои се врши складирање, производство или промет на храна отровните мамки се поставуваат во посебно заштитени, затворени и означени кутии со водење на евиденција за шемата на поставувањето со цел да се заштити храната од случајно или намерно контаминирање.

Ако дератизацијата се врши во објекти во кои се чува растурена храна, остатоците од средството треба да се соберат по спроведента постапка на дератизација.

Средствата за дератизација од втора генерација треба да се поставуваат во затворени кутии или врзани на жица (канализациски системи, речни корита, насипи) или поставени по шема недостапни за домашни животни и по спроведената постапка истите треба да се соберат и безбедно да се уништат.

Член 24

Заради заштита на луѓето и околината, изведувачот на ДДД дејноста треба да обезбеди соодветна одлагање и безбедно уништување на остатоците од средствата и амбалажата, како и на остатоците од мамки и изумрени глодачи користени при спроведувањето на ДДД.

Член 25

Изведувачот на ДДД дејноста води евиденција за извршената работа со евидентирање на следните податоци: датум на вршење на ДДД, место каде е извршена ДДД, податоци за објектот (вкупен број на квадрати, број на простории, површини, опрема), вид на извршена ДДД, како и вид, процент и количина на употребено средство.

Кон евидентниот лист се приложува скица на објектот каде се врши ДДД - изготвена од барателот, во која изведувачот ќе ги одбележи местата на поставување на мамците, бројот на мамци, како и сертификати за употребените средства за ДДД.

Член 26

По извршената ДДД се врши контрола на успешноста на спроведената постапка и за истата се издава потврда со потпис и печат на изведувачот на ДДД дејноста, со следните податоци: датум на извршената контрола на ДДД, место каде е извршена контролата, податоци за објектот (вкупен број на квадрати, број на простории, површини, опрема), начин на извршена контрола и оценка дали е успешна или неуспешно спроведена ДДД.

Член 27

За спроведување на ДДД се користат само средства и постапки кои ги исполнуваат условите согласно прописите за нивна примена.

Член 28

За извршените постапки за ДДД, видот и количината на набавените и искористени средства (биоциди и пестициди) изведувачот на ДДД дејноста на секои шест месеци доставува писмено известување до надлежниот завод за здравствена заштита.

Член 29

Лицата кои вршат ДДД подлежат на задолжителни контролни систематски прегледи, на секои шест месеци.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација („Службен весник на СРМ“ бр. 45/76) и престанува да се применува Правилникот за условите за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести („Службен лист на СФРЈ“ бр.42/85).

Член 31

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.16-19259/1
10 декември 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Имер Селмани**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

2118.

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2004 и 55/2007), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СОДРЖИНАТА, ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ, БРОЕВИ ЗА НУМЕРИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ЗА СОДРЖИНАТА, ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината, постапката и начинот на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и броеви за нумерирање на

објекти од страна на општините и градот Скопје, како и содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар што го води Централниот регистар на Република Македонија.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. "улица" е улица, булевар, кеј и уличен крак подолг од 100 метра со една раскрсница кој се приклучува на друга улица;

2. "други инфраструктурни објекти" се трговски центар, подземен премин, надземен премин, парк и фонтана;

3. "електронска евиденција" е компјутерски водена евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти како и броеви за нумерирање на објекти која ја водат општините за подрачјето на општината и градот Скопје за подрачјето на градот Скопје;

4. "електронски регистар" е компјутерско водење на евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, како и броеви на објекти, на територија на Република Македонија;

5. "број на објект" е број со кој е нумериран објектот заедно со неговиот додаток доколку истиот постои во рамките на инфраструктурниот објект;

6. "матичен број на објект" е единствен идентификатор на објектот;

7. "матичен број на инфраструктурен објект" е единствен идентификационен број на инфраструктурниот објект.

Член 3

Општините и градот Скопје водат електронска евиденција за имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти, на подрачјето на соодветната општина, со впишување на следните податоци:

1. За улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти:

- видот;
- матичниот број;
- името;
- матичен број и назив на општината;
- матичен број и назив на населеното место и
- историјат на промени.

2. За бројот на објект:

- матичен број на улицата на која се води бројот на објект;
- име на улицата на која се води бројот на објект;
- број на објектот;
- матичен број на објектот; и
- историјат на промени.

Член 4

Податоците за имињата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и броеви на објектите што се водат во Централниот регистар на Република Македонија се:

1. За улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти:

- видот;
- името;
- матичниот број;
- матичен број и назив на општина;
- матичен број и назив на населено место и
- историјат на промени.

2. За броевите на објекти:

- матичен број на улицата на која се води бројот на објектот;
- име на улицата на која се води бројот на објектот;
- број на објектот;
- матичен број на објектот; и
- историјат на промени.

Историјатот на промени од став 1 точка 1 алинеја 6 и точка 2 алинеја 5 од овој член е посебен запис со сите податоци утврдени со овој правилник за секоја промена посебно, вклучувајќи го видот на промената, старите податоци и датумот на промената.

Член 5

Општините и градот Скопје постапката на електронска евиденција на имињата на улиците, плоштадите, мостовите и други инфраструктурни објекти ја водат на следниот начин:

- изготвуваат листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти,
- изготвената листа се доставува на согласност до Владата на Република Македонија,
- по добивањето на согласноста од Владата на Република Македонија, советот на општината односно советот на градот Скопје донесува одлука за определување на име на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти,и
- донесената одлука се евидентира во електронската евиденција што ја водат општините и градот Скопје.

Доколку името на улицата е определено со број (нумерички) листата на имиња на улици не се доставува на согласност на Владата на Република Македонија.

Член 6

За водење на евиденцијата во електронскиот регистар, општините и градот Скопје, до Централниот Регистар на Република Македонија доставуваат податоци од:

- листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти;
- одлуката за давање на согласноста од Владата на Република Македонија на листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти;
- одлука за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Централниот регистар на Република Македонија во електронскиот регистар врши упис на податоците во рок од 15 дена од денот на приемот на податоците од став 1 од овој член.

Во електронскиот регистар нема да се изврши упис на имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти, ако општините и градот Скопје не ги достават податоците од став 1 од овој член.

Член 7

Општините и градот Скопје ажурирањето на електронската евиденција утврдена со овој правилник го вршат тековно.

Член 8

Секоја промена извршена во електронскиот регистар, се доставува во електронска форма до Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за геодетски работи и Државниот завод за статистика во рок од три дена од денот на извршениот упис.

Член 9

Податоците кои се внесуваат во електронската евиденцијата на општините, односно градот Скопје треба да бидат идентични со податоците внесени во електронскиот регистар.

Член 10

Промени на имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти во електронската евиденција се вршат за:

а) Именување:

При определување на име на новоизградена улица или друг инфраструктурен објект, се доделува нов матичен број.

б) Промена на име:

При промена на име на улицата или на друг инфраструктурен објект се менува само името на улицата или името на другиот инфраструктурен објект, а матичниот број останува ист.

в) Укинување:

При укинување на улицата или на друг инфраструктурен објект матичниот број се пасивизира, и не се доделува повторно на друга улица или на друг инфраструктурен објект.

г) Припојување:

Кога една или повеќе улици или други инфраструктурни објекти се припојуваат на друга улица или друг инфраструктурен објект кои веќе имаат свој доделен матичен број, припоените улици или други инфраструктурни објекти веќе не постојат и нивните матични броеви се пасивизираат.

д) Издвојување:

Кога од една улица или друг инфраструктурен објект кој постои се издвојува една или повеќе улици или други инфраструктурни објекти, улицата или друг инфраструктурен објект од кој се врши издвојувањето го задржува матичниот број, додека на издвоената улица или друг инфраструктурен објект и се доделува нов матичен број.

ѓ) Делење:

Кога една улица или друг инфраструктурен објект се дели на две или повеќе улици или други инфраструктурни објекти, секоја од овие улици или други инфраструктурни објекти добива нов матичен број. Основната улица или друг инфраструктурен објект престанува да постои, а матичниот број се пасивизира.

е) Спојување:

Кога две или повеќе улици или други инфраструктурни објекти се спојуваат во нова улица или друг инфраструктурен објект, новата улица или друг инфраструктурен објект добива нов матичен број. Основните улици или други инфраструктурни објекти престануваат да постојат и нивните матични броеви се пасивизираат.

ж) Припојување на дел:

Кога дел од една улица или инфраструктурен објект се припојува на постоечка соседна улица или друг инфраструктурен објект, матичните броеви на улиците или другите инфраструктурни објекти остануваат.

з) Издвојување на дел од улица:

Кога дел од една улица или друг инфраструктурен објект се издвојува. Како последица на издвојувањето на дел од улица настанува припојување на дел.

ѕ) Промена на припадност:

Поради промена на границите на населените места, улицата или друг инфраструктурен објект ја менува припадноста во населеното место или општината, при тоа постоечкиот матичен број на улицата или друг инфраструктурен објект се пасивизира и се доделува нов матичен број согласно Методологијата за доделување на матични броеви на улици и други инфраструктурни објекти.

Член 11

Промени кај броевите за нумерирање на објекти се евидентираат за:

а) Доделување на број.

б) Промена на број.

в) Укинување на број.

г) Промена на припадност на број.

Член 12

Општината или градот Скопје доколку за улиците, плоштадите, мостовите или други инфраструктурни објекти кои се евидентирани во електронскиот регистар внесува нови броеви на објекти, списокот на новите броеви на објекти го доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

Член 13

При ажурирањето на податоците и водење на електронската евиденција општините и градот Скопје ги користат следните шифрарници:

Видови на инфраструктурни објекти	Нумерички запис за видот
Улица	00
Мост	01
Плоштад	02
Трговски центар	03
Подземен премин	04
Надземен премин	05
Парк	06
Фонтана	07

Вид на промена	Шифра на промената
1. Промени врзани со улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти	
Именување	10
Промена на име	11
Укинување	12
Припојување	13
Издвојување	14
Делење	15
Спојување	16
Припојување на дел	17
Издвојување на дел	18
Промена на припадност на општина и населено место	19

2. Промени врзани со куќните броеви

Доделување број	20
Промена на број	21
Укинување на број	22
Промена на припадност на куќниот број на улица	23
Техничка исправка	24

Член 14

До Централниот регистар на Република Македонија, општините и градот Скопје при секоја евидентирана промена ги доставуваат следните податоци:

1. За улиците, мостовите, плоштадите и другите инфраструктурни објекти:

- назив на општина;
- матичен број на општина;
- назив на населено место;
- матичен број на населено место;
- вид на инфраструктурен објект;
- шифра на инфраструктурен објект;
- име на инфраструктурниот објект;
- шифра на промена кај инфраструктурен објект и
- дата на промена.

2. За броевите на објекти:

- матичен број на населено место;
- шифра на инфраструктурен објект;
- име на инфраструктурниот објект;
- броеви на објекти во рамките на инфраструктурниот објект;
- шифра на промена кај број на објект и
- дата на промена.

Член 15

Општините за сите промени извршени во електронската евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и броеви на објектите, редовно ги информираат граѓаните за настанатите промени преку средствата за јавно информирање, на огласна табла во општината или на веб страната на општината.

Член 16

Општините и градот Скопје податоците пропишани со овој правилник до Централниот регистар на Република Македонија ги доставуваат во електронска форма, доколку немаат техничка можност да ги достават во електронска форма, ги доставуваат во пишана форма.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-14063
декември 2007 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Миле Јанакиески, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

2119.

Врз основа на член 158, став 4, точка ж, а во врска со член 161 и член 184 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005 и 25/2007), како и врз основа на членот 3, став 1, алинеја 11 и член 6 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерските друштва со посебни обврски за известување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2006), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 26.11.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето на Стопанска банка АД Скопје бр. 2514 од 31.10.2006 година и дополнувањето на барањето бр. 01-2843 од 13.12.2006 година за ослободување од обврската за обелоденување на одредени информации - сите судски постапки во кои е вклучена банката се одбива како неосновано.

2. Се задолжува Стопанска банка АД Скопје како друштво со посебни обврски за известување, да ги достави податоците до Комисијата за хартии од вредност кои се однесуваат за сите судски постапки во кои е вклучена банката согласно член 158, став 4, точка ж од Законот за хартии од вредност и член 3, став 1, алинеја 11 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерските друштва со посебни обврски за известување и истите да ги објави.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и изјавената жалба не го одлага неговото извршување.

4. Решението ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-299/3
26 ноември 2007 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

2120.

Врз основа на член 194, став 1, став 5, член 199 и член 205, став 1, 3 и 4, а во врска со член 184 точка а), е) и з) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 26.11.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува неправилност во работењето на брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје заради непочитување на член 5, став 2, точка 3 од Правилата за тргување на Македонската Берза АД Скопје при внесувањето на налози според книгата на налози на следните денови: 22-05-2007 година, 31-05-2007 година, 14-06-2007 година, 05-07-2007 година, 08-08-2007 година, 10-08-2007 година, 31-08-2007 година, 03-09-2007 година и 10-09-2007 година бидејќи не е внесен еден од задолжителните елементи-сметка на клиентот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

2. Се утврдува неправилност во работењето на брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје во смисла на член 96, член 112 и член 150 од Законот за хартии од вредност заради склучените посебни договори за деловна соработка, со правни и физички лица, кои во име на брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје вршат: "Брокерски услуги-примање и извршување на налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на долгорочни хартии од вредност, во име и за сметка на клиентот и Советување на клиентите при издавање и тргување со хартии од вредност".

3. Се задолжува брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје во рок од 15 дена (петнаесет) од денот на приемот на ова решение да ги отстрани утврдените неправилности од точка 1 и точка 2 од изреката на ова решение и до Комисијата за хартии од вредност да достави извештај во кој ќе ги опише преземените мерки за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости. Кон извештајот задолжително се приложуваат документи и докази од кои се гледа дека утврдените недостатоци се отстранети.

4. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-2928/5 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2007 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

2121.

Врз основа на член 46, став 1, точка б) и став 2 и член 184, точка л) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 26.11.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, евидентирана под деловоден број на Депозитарот 67/2007 од 30.10.2007 година.

2. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по приемот на ова решение:

- да ја избрише реченицата од член 27 став 2 од Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност која гласи: „Управниот одбор деловникот за работа го донесува во согласност со Надзорниот одбор";
- да изврши преформулирање на одредбата од член 29 од Одлуката за измени и дополнувања на Статутот, која ќе гласи: „Измените на Статутот влегуваат во сила со денот на донесувањето на Одлуката за измена на Статутот, а ќе се применуваат по добиена согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност".

3. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност во рок од 15 календарски дена по постапувањето по ова решение да достави до Комисијата за хартии од вредност пречистен текст на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3399/3 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2007 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

2122.

Врз основа на член 167 став 1 точка б и член 190 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 12.12.2007 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИТЕ, ПОЛУГОДИШНИТЕ, ТРИМЕСЕЧНИТЕ И ТЕКОВНИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕЗИМЕТО НА ГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ КОИ СЕ ВОДАТ ВО РЕГИСТАРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи и резимето на годишните извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2007 и исправка бр. 54/2007), согласно член 5 од истиот, во Прилогот 1 точка 3 потточка 3.2., Прилогот 2 точка 3 потточка 3.2. и Прилогот 3 точка 3 потточка 3.2. зборот „ЕМБ" и запирката пред истиот се бришат.

Член 2

Во Прилогот 1 точка 3 потточка 3.3., Прилогот 2 точка 3 потточка 3.3., Прилогот 3 точка 3 потточка 3.3. зборовите во заградата „ЕМБ односно" се бришат.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, субјектите кои доставуваат извештаи до Комисијата за хартии од вредност се должни истите да ги усогласат со одредбите на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" и истиот има времетраење од 90 дена од денот на влегувањето во сила.

Бр. 03-3758/2 Комисија за хартии од вредност
12 декември 2007 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

ОСНОВЕН СУД – СВЕТИ НИКОЛЕ

256.

Претседателот на Основниот суд Св. Николе, Димче Поцков, врз основа на одредбите од член 29 од Судскиот деловник („Сл. весник на РМ“ бр 71/07) за именување на постојани судски вештаци на ден 29.11.2007 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За постојани судски вештаци во Основниот суд Свети Николе се именуваат:

ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ

- Друштво за вештачења, инжинеринг, графика и услуги “ЕКСИНГ“ ДООЕЛ Скопје, ул. Јане Сандански бр. 67/2 тел: 02 2444 685 факс 02 2455 740, 070 206 415.

ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА И СМЕТКОВОДСТВОТО

1. Киро Костов од Свети Николе ул: Пионерска бр 15-1/2 тел.070 336 905.
2. Ставревски Јордан од Велес ул.Љубен Весов бр.128, тел. 043 223 557, 222 557 и моб.071 278 810 и 070 778 810.
3. Чедомир Цветковски од Свети Николе ул: Карпошева бр 90 тел.075 286 760 032 443 714.
4. Јовев Станко од Свети Николе ул: Улоф Палме бр 10 тел. 440-476 моб. 071 206 536.
5. Јовева Зора од Свети Николе ул: Улоф Палме бр 10 тел. 440-476 моб. 071 260 526.

ОД ГЕОДЕТСКА ОБЛАСТ

1. ГЕОМАТЕ ПРО ИНГ ДОО од Свети Николе Плоштад Илинден бб тел 032 440 010, 070 222 256.
2. ГЕОМЕТР од Куманово ул: 11-ти Октомври бб, тел: 031 441 302.

ОД МАШИНСКА ОБЛАСТ

1. Даце Димитров од Свети Николе ул: Васка Циклева бр 30.
2. Коцевски Томе од Свети Николе ул: Ударничка бр 6/26 тел: 032 440 697, 071 327 046.

ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО (поледелство и овоштарство)

1. М-р Војо Данаиловски од Свети Николе ул: Овчеполска бр 3 тел 032 443 152 070 724 372.
2. Благој Митев од Свети Николе со стан на ул: Карпошева бр 45.
3. Делчо Илиев од Свети Николе ул: Скопска бр 132 тел: 032 440 266, 070 801 870.
4. Јанев Делчо од Свети Николе ул: Светиниколска тел. 032 442 284, 075 775 710.

ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

1. Д-р Гордана Митева од Свети Николе ул:Ангел Трајчев бр 18 032 441 045, 032 444 454, 071 245 575.
2. Д-р Панче Јосев од Свети Николе ул:11 Македонска Бригада бр 78 тел. 032 443 128, 070 514 760.
3. Д-р Љупчо Арсовски од Свети Николе ул: 25-ти Мај бр 13 тел 075 593 773, 032 444 141.
4. Д-р Анастасов Стојче – невропсихијатар од Свети Николе ул:Питу Гули бр 83/4 тел 032 441 263, 070 783 877.
5. Д-р Стевчо Арсовски–педијатар од Свети Николе ул: Вељко Влаховиќ бр 95 тел. 070 532 590,
6. Д-р Милановски Боривоје специјалист офталмолог – од Свети Николе ул: Едвард Кардељ бр 9 тел 032 442 237 075 281 460.
7. Д-р Мирче Јосев – спец по интерна медицина од Свети Николе ул: Овчеполска бр 5 тел 070 336-825.
8. Примариус Д-р Филип Тодоровски, специјалист по општа хирургија од Велес ул: Караорман бр 11 тел 070 883 166, 043 232 233.
9. Д-р Илија Јованчев, специјалист гениколог од Свети Николе ул: Маршал Тито бр 4/9 моб. 077 557750.
10. Д-р Аровска Лидија – стоматолог од Свети Николе ул: Сутјеска бр 6 тел. 032 441 812, 075 554 574.
11. Д-р Нарциса Митева – стоматолог од Свети Николе ул: Ударничка бр 8/7 тел 032 443 648, 440 497, 070 322 373.

ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. Благој Стамболиев од Свети Николе ул. Ленинова бр 3/1 со ЕМБГ 1711957450048, тел 071 217 485.
2. Атанас Јованов од Свети Николе ул: Карпошева бр 39 тел: 075 464 378.

ОД ОБЛАСТА НА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. Пецо Јакимовски од Скопје ул: Алекса Демниевски бр 17/10 тел 02 2031 813, 075 890 033, 076 403 487.
2. Зоран Колев од Свети Николе ул: 11 Октомври бр. 45 тел. 075 405-576.
3. Валентина Арсова од Св.Николе ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 93 тел. 070-514-221.
4. Благој Давчевски од Св.Николе ул: Септемвриска бр: 98 со ЕМБГ 2501960494500.
5. Лазо Ангелов од Штип ул „Џемал Биједиќ“ бр. 1 тел. 032-383-122 моб. 070 264-237.

ОД ОБЛАСТА НА ВЕТЕРИНАТА

1. Д-р Оливер Ивановски од Св.Николе ул. „Моша Пијаде“ бр. 25 тел. О32-441-861 и 070 322-863

Основен суд Свети Николе

Претседател,
Димче Поцков, с.р.

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ ИЗДАНИЈА:

Р.бр	Изданија	Цена денари
1	**Закон за обезбедување на побарувањата** **Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити** (со подзаконски акти) *(редакциска збирка), 2007*	**200,00**
2	**Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** *(редакциска збирка), 2007*	**400,00**
3	**Закон за нотаријатот** *(редакциска збирка), 2007*	**250,00**
4	**Закон за банките** *(редакциска збирка), 2007*	**300,00**
5	**Закон за пензиското и инвалидското осигурување** *Станка Трајкова и Олгица Костова* *(со коментар и прилози), 2006*	**700,00**
6	**Изборен законик,** *2006*	**300,00**
7	**Закон за стечај** *Д-р Кирил Чавдар* *(со објаснувања, судска практика и предметен регистар), 2006*	**600,00**
8	**Збирка на прописи од областа на судството** (Законите за: судовите; Судскиот совет на РМ; судскиот буџет (редакциски пречистен текст); Академија за обука на судии и јавни обвинители), *2006*	**400,00**
9	**Закон за трговските друштва** со вовед, *2004*	**400,00**
10	**Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005*	**400,00**
11	**Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX)* на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат, *2007*	**200,00**
12 а)	**Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст)*	**280,00**
б)	**II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност)*	**210,00**
в)	**III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита)*	**245,00**
г)	**IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)*	**245,00**
д)	**Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004**	**840,00**
13	**Збирка на прописи** (*редакциска*) *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005*	**210,00**
14	**Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000*	**80,00**
15	**Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002*	**140,00**
16	**Закон за спречување на корупцијата** *со Закони за ратификација на конвенции* *Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002*	**80,00**
17	**Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000*	**160,00**
18	**Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев,* *М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998*	**120,00**
19	**Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите** *(редакциски пречистени текстови), 2004*	**360,00**
20	**Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година**	**600,00**
21	**Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година**	**3.400,00**
22	**Регистар на прописи на РМ**	**3.700,00**

П О Р А Ч К А БР. 152

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: _____

Место: _____, ул. _____, бр. _____, тел./факс _____

Потпис на порачателот

Во _____, _____2007 година. (М.П.) **_____**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2007152

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА ПО ОДНОС НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД И ДАНОКОТ НА КАПИТАЛ

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 декември 2007 година.

Бр. 07-5444/1
18 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА ПО ОДНОС НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД И ДАНОКОТ НА КАПИТАЛ

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, склучен на 10 септември 2007 година во Скопје.

Член 2

Договорот во оригинал на македонски, германски и англиски јазик, гласи:

ДОГОВОР МЕЃУ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

И ЗА ЗАШТИТА ОД ФИСКАЛНА ЕВАЗИЈА

ПО ОДНОС НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД И ДАНОКОТ НА КАПИТАЛ

Република Македонија и Република Австрија, со желба да склучат договор за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал,

се договорија за следново:

Член 1

ЛИЦА НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

Овој договор ќе се применува на лицата кои се резиденти на едната или на двете држави договорнички.

Член 2

ДАНОЦИ НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ДОГОВОРОТ

(1) Овој договор ќе се применува на данокот од доход и данокот на капитал кои ги воведува државата договорничка или нејзините локални власти, независно од начинот на кои тие се наплатуваат.

(2) Под данок од доход и данок на капитал се сметаат сите даноци кои се воведуваат на вкупниот доход, или на целиот капитал, или на делови од доходот или од капитал, вклучувајќи ги и даноците од отуѓување на подвижен или недвижен имот, даноците на вкупните износи на платите или надоместоците кои ги исплатуваат претпријатијата, како и даноците на прираст на капиталот.

(3) Постојните даноци на кои ќе се применува овој договор се:

а) во Македонија:

i) персонален данок од доход;
ii) данок од добивка;
iii) данок на имот;

(во натамошниот текст "македонски данок").

б) во Австрија:

i) данок од доход;
ii) корпоративен данок;
iii) данок на земјиште;
iv) данок на земјоделски и шумарски претпријатија;
v) данок на вредност на слободно земјиште.

(во натамошниот текст "австриски данок").

(4) Овој договор ќе се применува исто така и на секој ист или суштински сличен данок кој ќе се воведе по склучувањето на овој договор покрај или наместо постојните даноци. Надлежните органи на државите договорнички ќе ги соопштуваат една на друга промените кои ги имаат извршено во нивните даночни закони.

Член 3

ОПШТИ ДЕФИНИЦИИ

(1) За потребите на овој договор, освен ако во контекст на ова не се бара поинаку:

а) изразите "држава договорничка" и "друга држава договорничка" означуваат Македонија или Австрија, зависно од смислата;

б) изразот "Македонија" ја означува територијата на Република Македонија, а употребен во географска смисла ја означува сувоземната (копнена) територија на Македонија, нејзините внатрешни езерски води и езерски дна над кои Македонија има надлежност и има суверени права заради истражување, експлоатација, конзервирање и управување со природните богатства во согласност со своето внатрешно законодавство и меѓународното право;

в) изразот "Австрија" означува Република Австрија;

г) изразот "лице" означува физичко лице, правно лице и друштво на лица;

д) изразот "друштво" означува секое правно лице или целина која се смета како правно лице за даночни цели;

ѓ) изразот "претпријатие" се користи за вршење на секаква дејност;

е) изразот "претпријатие на државата договорничка" и "претпријатие на другата држава договорничка" означува претпријатие со кое управува резидент на државата договорничка и претпријатие со кое управува резидент од другата држава договорничка;

ж) изразот "меѓународен сообраќај" означува секој превоз со брод или воздухоплов кој го врши претпријатие чие седиште на стварна управа се наоѓа во државата договорничка, освен ако бродот или воздухопловот се користи исклучиво помеѓу места кои се наоѓаат во другата држава договорничка;

з) изразот "надлежен орган" означува:

i) во Македонија: Министерот за финансии, односно негов овластен претставник;

ii) во Австрија: Федералниот министер за финансии, односно негов овластен претставник.

s) изразот "државјанин" во врска со државата договорничка, означува:

i) секое лице кое поседува државјанство на државата договорничка; и

ii) секое правно лице, партнерство или асоцијација кое таквиот свој статус го остварува според важечките закони на државата договорничка.

и) изразот "дејност" вклучува извршување на професионални услуги и други активности од независен карактер.

(2) Кога државата договорничка го применува овој договор, во било кое време, секој израз кој што не е дефиниран со договорот ќе има значење, освен ако контекстот не бара поинаку, според законот на таа држава кој се однесува на даноците на кои овој договор се применува. Секое значење според даночните закони на таа држава кои се во сила, има предност во однос на значењето кое на тој израз му го даваат другите закони на таа држава.

Член 4

РЕЗИДЕНТ

(1) Изразот "резидент на државата договорничка", за потребите на овој договор, означува секое лице, кое според законите на таа држава, подлежи на оданочување во таа држава по основ на живеалиште, престојувалиште, седиште на управување, или друг критериум од слична природа. Но, овој израз не вклучува лица кои подлежат на оданочување само за доходот од извори во таа држава или за имотот кој се наоѓа во таа држава.

(2) Кога според одредбите на ставот 1, физичко лице е резидент на двете држави договорнички, неговиот статус се определува на следниот начин:

а) ќе се смета дека е резидент само на државата во која има постојано место на живеење; ако има постојано место на живеење во двете држави, ќе се смета дека е резидент само на државата со која неговите лични и економски врски се потесни (средиште на животни интереси);

б) доколку не може да се определи државата во која има средиште на животни интереси, или ако ниту во една држава договорничка нема постојано место на живеење, ќе се смета дека е резидент само на државата во која има вообичаено место на живеење;

в) ако има вообичаено место на живеење во двете држави договорнички или нема ниту во една од нив, ќе се смета дека е резидент само на државата чиј е државјанин;

г) ако е државјанин на двете држави или на ниту една од нив, надлежните органи на државите договорнички ќе го решат прашањето по пат на заеднички договор.

(3) Кога, во согласност со одредбите на ставот 1, лицето, освен физичкото, е резидент на двете држави договорнички, се смета дека е резидент само на државата во која се наоѓа седиштето на неговата стварна управа.

Член 5

ПОСТОЈАНА ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА

(1) Изразот "постојана деловна единица" за потребите на овој договор, означува постојано место на активност преку кое претпријатието го врши потполно или делумно своето работење.

(2) Изразот "постојана деловна единица"означува особено:

а) седиште на управата;

б) филијала;

в) деловница;

г) фабрика;

д) работилница; и

ѓ) рудник, извор на нафта или гас, каменолом или друго место на искористување на природните богатства.

(3) Градежните локалитети или градењето или инсталационите проекти претставуваат постојана деловна единица, но само доколку тие траат подолго од дванаесет месеци.

(4) По исклучок на претходните одредби на овој член, под израз "постојана деловна единица" не се подразбира:

а) користење на објектите исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието;

б) одржување на залихи на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел за складирање, изложување или испорака;

в) одржување на залихи на добра и стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел да бидат преработени од друго претпријатие;

г) одржување на утврденото деловно место на работење исклучиво со цел за купување на добра или стоки или за прибирање на информации за претпријатието;

д) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за вршење на дејноста на претпријатието, или за други активности кои имаат подготвителен или помошен карактер за претпријатието;

ѓ) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел за вршење на активностите наведени во точките од а) до д), доколку целокупната активност на утврденото деловно место што ќе настане од оваа комбинација е од подготвителен или помошен карактер.

(5) По исклучок на одредбите од став 1 и 2, кога лице - освен застапник со независен статус на кого се применува одредбата од ставот 6, делува во име на претпријатие и има и вообичаено користи во државата договорничка овластување да склучува договори во име на претпријатието, ќе се смета дека тоа претпријатие има постојана деловна единица во таа држава во поглед на сите активности кои тоа лице ги презема за претпријатието, освен ако активностите на тоа лице се ограничени на активностите наведени во ставот 4 од овој член, кои доколку би се вршеле преку утврденото деловно место, не би го правеле тоа утврдено деловно место како постојана деловна единица согласно одредбите на тој став.

(6) Не се смета дека претпријатието има постојана деловна единица во другата држава договорничка само поради тоа што во таа држава ги врши своите активности преку посредник, генерален комисионен застапник или друг претставник со самостоен статус, ако овие лица делуваат во рамките на своите редовни деловни активности.

(7) Фактот што едно друштво кое е резидент на државата договорничка контролира или е под контрола на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, или кое го врши работењето во таа друга држава (било преку постојана деловна единица или на друг начин), само по себе не значи дека едно друштво може да постане постојана деловна единица на другото друштво.

Член 6

ДОХОД ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

(1) Доходот кој резидент на државата договорничка го остварува од недвижен имот (вклучувајќи го и доходот од земјоделство и шумарство) кој се наоѓа во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

(2) Изразот "недвижен имот" го има истото значење како во законите на државата договорничка во која се наоѓа предметниот имот. Овој израз во секој случај ги опфаќа и придружните добра кои му припаѓаат на недвижниот имот, сточниот фонд и опремата која се користи во земјоделството и шумарството, правата на кои се применуваат општите одредби за сопственоста на земјиштето, плодоуживањето на недвижностите и правата на променливите или постојаните плаќања како надоместок за работата, или за правото да се извршува работата, на минералните наоѓалишта, изворите и другите природни богатства; бродовите, чамците, воздухопловите и друмските возила нема да се сметаат за недвижен имот.

(3) Одредбите од ставот 1 ќе се применуваат на доходот кој ќе се оствари од непосредно користење, изнајмување или друг начин на користење на недвижниот имот.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 3 ќе се применуваат и на доходот од недвижниот имот на претпријатијата.

Член 7

ДОБИВКА ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

(1) Добивката на претпријатието на државата договорничка ќе се оданочува само во таа држава, освен во случај кога претпријатието врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа таму. Ако претпријатието врши дејност според горенаведениот начин, добивките на претпријатието можат да се оданочуваат во другата држава, но само за оној износ кој и се припишува на таа постојана деловна единица.

(2) Во зависност од одредбите од ставот 3, кога претпријатието на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која таму се наоѓа, во секоја држава договорничка на таа постојана деловна единица и се припишува добивката која би можела да се оствари доколку би била одвоено и посебно претпријатие кое врши иста или слична дејност под исти или слични услови и како да делувала потполно самостојно од претпријатието чија е постојана деловна единица.

(3) При утврдување на добивката на постојаната деловна единица, како одбитоци се признаваат трошоците кои се извршени за потребите на постојаната деловна единица, вклучувајќи ги и трошоците на управување и општите административни трошоци, било во државата во која се наоѓа постојаната деловна единица или на друго место.

(4) Доколку е вообичаено во државата договорничка добивката која се припишува на постојаната деловна единица да се одредува врз основа на распределбата на вкупната добивка на претпријатието на неговите посебни делови, одредбата од ставот 2 не ја спречува таа држава договорничка со таквата вообичаена распределба да ја одреди добивката која се оданочува. Усвоениот метод на распределба треба да биде таков што резултатот ќе биде во согласност со начелата кои се содржани во овој член.

(5) Добивката нема да и се припише на постојаната деловна единица ако таа само купува добра или производи за претпријатието.

(6) За потребите на претходните ставови, добивката која се припишува на постојаната деловна единица се определува со ист метод од година во година, освен ако постои оправдана и доволна причина да се постапи поинаку.

(7) Кога добивката ги опфаќа пооделните приходи кои се регулираат со посебни членови од овој договор, одредбите од овој член не влијаат на одредбите на тие членови.

Член 8

МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

(1) Добивката остварена од работење во меѓународен сообраќај со бродови или воздухоплови ќе се оданочи само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

(2) Ако седиштето на стварната управа на претпријатието кое се занимава со поморски сообраќај се наоѓа на брод, тогаш се смета дека тоа се наоѓа во државата договорничка во која се наоѓа матичното пристаниште на бродот, или, ако не постои такво матично пристаниште, тогаш се смета дека се наоѓа во државата договорничка во која корисникот на бродот е резидент.

(3) Одредбите од ставот 1 се применуваат и на добивката остварена од учество во пул, заедничко вложување или меѓународна деловна единица.

Член 9

АСОЦИЈАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА

(1) Кога

а) претпријатие на државата договорничка учествува непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на другата држава договорничка, или

б) исти лица учествуваат непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на државата договорничка и на претпријатието на другата држава договорничка,

и ако и во двата случаи, помеѓу тие две претпријатија во нивните трговски или финансиски односи се создадени или наметнати услови различни од условите кои би биле создадени помеѓу самостојни претпријатија, добивката која би настанала за едно од претпријатијата, кога не би постоеле тие услови, или поради тие услови не настанала, може да биде вклучена во добивката на тоа претпријатие и соодветно оданочена.

(2) Кога државата договорничка ја вклучува во добивката на претпријатието од таа држава - и ја оданочува соодветно - добивката за која претпријатието од другата држава договорничка било оданочено во таа држава, а вклучената добивка од првоспоменатата држава ќе се смета дека е добивката која би била остварена од претпријатието од првоспоменатата држава ако условите создадени помеѓу двете претпријатија се како помеѓу самостојни претпријатија, тогаш таа друга држава ќе направи соодветно прилагодување на износот на данокот утврден на таа добивка. При одредувањето на ваквото прилагодување, ќе се води сметка и за другите одредби од овој договор и доколку е потребно надлежните органи на државите договорнички ќе се консултираат една со друга.

Член 10

ДИВИДЕНДИ

(1) Дивидендите кои ги исплатува друштво кое е резидент на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка се оданочува во таа друга држава.

(2) а) Меѓутоа, таквите дивиденди можат да се оданочат и во државата договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите во согласност со законите на таа држава, но ако примателот е стварен корисник на тие дивиденди, обложениот данок не може да надмине повеќе од 15 проценти од бруто износот од дивидендите.

б) Ако стварен корисник е друштво (исклучувајќи го партнерството) кое директно поседува најмалку 10 проценти од капиталот на друштвото кое ги исплатува дивидендите, таквите дивиденди ќе бидат оданочени само во државата договорничка во која стварниот корисник на дивидендите е резидент.

Одредбите на овој член не влијаат на оданочувањето на добивката на друштвото од која дивидендите се исплатуваат.

(3) Изразот "дивиденди", употребен во овој член ја означува добивката од акции, "jouissance" акции или "jouissance" права, рударски акции, акции за пронаоѓање или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и доходот од други корпоративни права кои по однос на оданочувањето имаат ист третман како и доходот од акциите според законите на државата чиј резидент е друштвото кое врши распределба.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 2 нема да се применуваат ако стварниот корисник на дивидендите, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава, а правото по однос на кое дивидендите се платени е стварно поврзано со таквата постојана деловна единица. Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7.

(5) Кога друштвото кое е резидент на државата договорничка остварува добивка или доход од другата држава договорничка,

другата држава не може да воведе данок на дивидендите кои ги исплатува друштвото, освен ако тие дивиденди се исплатени на резидентот на другата држава или ако правото врз основа на кое се исплаќаат дивидендите е стварно поврзано со постојана деловна единица која се наоѓа во таа друга држава, ниту нераспределената добивка на друштвото да ја одаочува со данок на нераспределените добивки на друштвото, дури и ако дивидендите се исплатени или нераспределената добивка потполно или делумно се состои од добивката или доходот кои настанале во таа друга држава.

Член 11

КАМАТА

(1) Каматата која настанува во државата договорничка а се исплатува на резидентот од другата држава договорничка се одаочува во таа друга држава.

(2) Изразот "камата" употребен во овој член означува доход од побарувања на секаков вид долг, независно од тоа дали се обезбедени со хипотека и дали на основа на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот, и посебно доход од државни обврзници и доход од обврзници или други видови на обврзници, вклучувајќи ги и премиите и наградите на тие хартии од вредност или обврзници. Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за камати за потребите на овој член.

(3) Одредбите на став 1 нема да се применуваат ако стварниот корисник на каматата - резидент на државата договорничка го врши своето работење во другата држава договорничка во која настанала каматата, преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава, а побарувањето на долгот на кое се плаќа камата е стварно поврзано со таа постојана деловна единица. Во тој случај соодветно се применуваат одредбите на член 7.

(4) Ќе се смета дека каматата настанала во државата договорничка кога исплатувачот е резидент на таа држава. Меѓутоа, кога лицето кое плаќа камата, без оглед на тоа дали е резидент на државата договорничка или не, има во таа држава договорничка постојана деловна единица во врска со која се јавува побарувањето на кое се плаќа камата, а таквата камата се исплаќа на товар на постојаната деловна единица, ќе се смета дека таквата камата настанува во државата договорничка во која постојаната деловна единица се наоѓа.

(5) Кога износот на каматата поради посебните односи помеѓу исплатувачот на каматата и стварниот корисник или помеѓу нив и

трето лице, имајќи го во вид побарувањето на долгот за кој таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, при непостоење на такви односи, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во таков случај, вишокот на платениот износ ќе се оданочи согласно со законите на секоја држава договорничка, при што ќе се земат во предвид и другите одредби од овој договор.

Член 12

ПРИХОДИ ОД АВТОРСКИ ПРАВА

(1) Приходите од авторски права кои настануваат во државата договорничка, а се исплатуваат на резидент на другата држава договорничка, ќе се оданочуваат во таа друга држава.

(2) Изразот "приходи од авторски права" употребен во овој член, означува плаќање на било кој вид примање за користење, или право на авторско право за книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови и филмовите или лентите за телевизија и радио, патенти, заштитни знаци, дизајни или модели, планови, тајни формули или постапки, или за информации во врска со индустриските, комерцијалните или научните искуства.

(3) Одредбите од ставот 1 нема да се применуваат ако стварниот корисник на приходите од авторски права - резидент на државата договорничка, го врши работењето во другата држава договорничка во која приходите од авторски права се остварени, преку постојана деловна единица која се наоѓа таму, а правото или имотот врз основа на кои се плаќаат приходите од авторски права се стварно поврзани со таа постојана деловна единица. Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7.

(4) Се смета дека приходите од авторски права се остварени во државата договорничка кога исплатувачот е самата држава или резидент на таа држава. Меѓутоа, кога лицето кое ги плаќа примањата од авторски права, без оглед дали е резидент на државата договорничка или не, има во државата договорничка постојана деловна единица во врска со која се појавува обврска за плаќање на приходи од авторски права, а тие авторски права паѓаат на товар на таа постојана деловна единица, се смета дека тие приходи од авторски права се создадени во државата договорничка во која постојаната деловна единица се наоѓа.

(5) Кога, поради посебниот однос помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, или помеѓу нив двајцата и трето лице, платениот

износ по основа на приходи од авторски права, земајќи го предвид користењето, правото или информацијата за кои таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник доколку таков однос не би постоел, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во тој случај вишокот на платениот износ ќе се оданочува согласно законите на секоја држава договорничка, земајќи ги предвид и другите одредби од овој договор.

Член 13

КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ

(1) Добивките кои ќе ги оствари резидент на држава договорничка од отуѓување на недвижен имот наведен во членот 6, а кој се наоѓа во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

(2) Добивките од отуѓување на подвижен имот кој сочинува дел од имотот за работење на постојаната деловна единица која претпријатието од државата договорничка ја има во другата држава договорничка, вклучувајќи ја и добивката од отуѓување на таа постојана деловна единица (сама или заедно со целото претпријатие), може да се оданочува во таа друга држава.

(3) Добивките остварени од продажба на бродови или воздухоплови кои се користат во меѓународниот сообраќај, или од подвижен имот кој е во врска со работењето на тие бродови или воздухоплови, ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

(4) Добивките од отуѓување на друг имот освен наведениот во ставовите 1, 2 и 3 ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која лицето кое отуѓува имот е резидент.

Член 14

ЛИЧНИ ПРИМАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

(1) Во зависност од одредбите на членовите 15, 17, 18 и 19 платите, надоместоците и другите слични примања кои произлегуваат од работен однос, остварени од резидент на државата договорничка ќе се оданочуваат само во таа држава, освен во случаи кога вработувањето се извршува во другата држава договорничка. Ако вработувањето е извршено така, таквите примања кои се остваруваат таму, ќе се оданочуваат во таа друга држава.

(2) По исклучок од одредбите на став 1, примањата кои резидентот на едната држава договорничка ги остварува од работен однос во другата држава договорничка ќе се оданочуваат само во првоспоменатата држава ако:

а) примателот престојува во другата држава договорничка во период или периоди кои вкупно не надминуваат 183 дена во односната фискална година, и

б) примањето е платено од страна, или во име на работодавачот кој не е резидент на другата држава, и

в) примањата не паѓаат на товар на постојаната деловна единица која работодавачот ја има во другата држава.

(3) По исклучок на претходните одредби од овој член, примањата остварени по основ на вработување на брод или воздухоплов во меѓународен сообраќај, можат да се оданочат во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

Член 15

НАДОМЕСТОЦИ НА ДИРЕКТОРИ

Надоместоците и другите слични примања кои ги остварува резидент на државата договорничка во својство на член на одбор на директори на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, ќе се оданочува во таа друга држава.

Член 16

УМЕТНИЦИ И СПОРТИСТИ

(1) По исклучок на одредбите од членовите 7 и 14, доходот остварен од резидент на државата договорничка преку лично вршење на дејност како изведувач како што е театарски, филмски, радио или телевизиски уметник, или музичар, или спортист во другата држава договорничка ќе се оданочи во таа друга држава.

(2) Кога доходот од лично извршени активности на изведувачот или спортистот не му припаѓа лично на изведувачот или спортистот но на друго лице, тој доход, по исклучок на одредбите од член 7 и 14 ќе се оданочува во државата договорничка во која активностите на изведувачот или спортистот се извршени.

(3) Одредбите од ставовите 1 и 2 нема да се применуваат на доходот остварен од уметници или спортисти од активности изведени во државата договорничка ако посетата на таа држава е целосно или во поголем дел поддржана од јавни фондови на другата држава или нејзините политички единици или локални власти или од институција која претставува непрофитна институција. Во таков случај, доходот ќе се оданочува само во државата договорничка каде лицето е резидент.

Член 17

ПЕНЗИИ

(1) Согласно со ставот 2 од членот 18, пензиите и другите слични примања платени на резидент на државата договорничка, по основ на минат работен однос, ќе се оданочуваат само во таа држава.

(2) По исклучок на одредбите од став 1 и во согласност со одредбите од став 2 од член 18, плаќањата примени од физичко лице кое е резидент на државата договорничка согласно законодавството за социјално осигурување на другата држава договорничка ќе се оданочува само во таа друга држава.

Член 18

ДРЖАВНА СЛУЖБА

(1) а) Платите, надоместоците и другите слични примања, поинакви од пензиите кои ги исплаќа државата договорничка или нејзините политички единици, локални власти или статутарни тела, на физичко лице по основа на услуги направени на таа држава договорничка или на политичка единица, локална власт или статутарно тело, ќе се оданочуваат само во таа држава.

б) Меѓутоа, таквите плати, надоместоци и другите слични примања ќе се оданочуваат само во другата држава договорничка доколку услугите се извршени во таа држава, а физичкото лице е резидент на таа држава кој:

(i) е државјанин на таа држава, или

(ii) не станал резидент на таа држава само поради вршење на тие услуги.

(2) а) Пензијата која ја плаќа државата договорничка или се плаќа од фондовите, формирани од неа или од политичка единица

или од нејзината локална власт или статутарно тело, на физичко лице за услуги направени на таа држава или на нејзина единица, локална власт или тело, ќе се оданочува само во таа држава.

б) Меѓутоа, таквата пензија ќе се оданочува само во другата држава договорничка ако физичкото лице е резидент или државјанин на таа држава.

(3) Одредбите на членовите 14, 15, 16, 17 и 19 ќе се применуваат на платите, надоместоците и другите слични примања и пензиите кои се исплатени за услуги направени во врска со вршење на дејност од страна на државата договорничка или нејзините политички единици, или нејзината локална власт или статутарно тело.

Член 19

СТУДЕНТИ

(1) Студент или лице на стручна обука, кој непосредно пред посетата на државата договорничка бил или е резидент на другата држава договорничка и кој престојува во првоспоменатата држава само поради своето образование или обука, не плаќа данок во таа држава на средствата кои ги добива за издржување, образование или обука ако тие средства се од извори надвор од таа држава.

(2) Студент или лице на стручна обука кој е или бил поранешен резидент на државата договорничка остварува примања од работен однос кој го извршува во другата држава договорничка за период или периоди кои не надминуваат вкупно 183 дена во односната фискална година, нема да се оданочуваат во другата држава ако вработувањето е директно поврзано со неговите студии или стручна обука извршени во првоспоменатата држава.

Член 20

ДРУГИ ПРИХОДИ

(1) Деловите од доходот на резидент на државата договорничка, без оглед каде се остварени, кои не се опфатени со претходните одредби од овој договор, ќе се оданочат само во таа држава.

(2) Одредбите од ставот 1 не се применуваат на доходот, освен на доходот од недвижен имот дефиниран во ставот 2 од членот

6, ако примателот на тој доход - резидент на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава договорничка, а правото или имотот врз основа на кои се исплаќа доходот се ефективно поврзани со постојаната деловна единица. Во тој случај, соодветно се применуваат одредбите на член 7.

(3) Доходот остварен од резидент на државата договорничка во другата држава договорничка согласно правно барање за издржување, нема да се оданочува во првоспоменатата држава ако таквиот доход биде ослободен од данок согласно законите на другата држава договорничка.

Член 21

КАПИТАЛ

(1) Капиталот кој се состои од недвижен имот од членот 6 кој го поседува резидент на државата договорничка, а се наоѓа во другата држава договорничка, може да се оданочи во таа друга држава.

(2) Капиталот кој се состои од подвижен имот кој претставува дел од имотот - наменет за работење на постојаната деловна единица која претпријатието на државата договорничка ја има во другата држава договорничка, може да се оданочи во таа друга држава.

(3) Капиталот кој се состои од бродови или воздухоплови кои се користат во меѓународниот сообраќај и од подвижен имот кој служи за користење на тие бродови или воздухоплови, ќе се оданочи само во државата договорничка во која се наоѓа седиштето на стварната управа на претпријатието.

(4) Сите останати делови од капиталот на резидент на државата договорничка ќе бидат оданочени само во таа држава.

Член 22

ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

Двојното оданочување ќе се одбегне на следниов начин:

(1) Во Македонија:

а) Кога резидент на Македонија остварува доход или поседува капитал кој, согласно одредбите од овој договор може да се оданочи во Австрија, Македонија треба да одобри:

(i) како одбиток на данокот од доход на тој резидент, износ еднаков на износот на данокот од доход платен во Австрија;

(ii) како одбиток на данокот на капитал на резидентот, износ еднаков на данокот на капитал кој е платен во Австрија;

Тој одбиток и во двата случаи не може да биде поголем од делот на данокот од доход или данокот на капитал, кој е пресметан пред извршеното одбивање, кој одговара, зависно од случајот, на доходот или капиталот кој може да се оданочи во Австрија.

б) Кога во согласност со било која одредба од договорот доходот кој е остварен или капиталот кој го поседува резидентот на Македонија е изземен од оданочување во Македонија, Македонија може, во пресметувањето на износот на данокот на преостанатиот доход или капитал на тој резидент, да го земе предвид изземениот доход или капитал.

(2) Во Австрија:

а) Кога резидент на Австрија остварува доход или поседува капитал кој, согласно одредбите од овој договор, може да се оданочи во Македонија, Австрија ќе го изземе таквиот доход или капитал од данок, согласно одредбите од потставовите б) до г)

б) Кога резидент на Австрија остварува делови од доход кои, согласно одредбите од член 10, може да се оданочат во Македонија, Австрија ќе дозволи како одбивка од данокот на доходот од тој резидент износ еднаков на данокот платен во Македонија. Тој одбиток, меѓутоа, не може да биде поголем од делот на данокот, кој е пресметан пред извршеното одбивање, кој одговара на таквите делови од доходот остварени од Македонија.

в) Дивидендите во смисла на потстав 2 од член 10 платени од компанијата која е резидент на Македонија на компанија која е резидент на Австрија ќе биде ослободена од данок во Австрија, согласно релевантните одредби од домашното законодавство на Австрија но без оглед на било кои отстапувачки услови за минимално учество, пропишани со тој закон.

г) Кога во согласност со која било одредба од договорот, доходот што е остварен или капиталот што го поседува резидент на Австрија е ослободен од данок во Австрија, Австрија сепак може, при пресметувањето на износот на данокот на преостанатиот доход или капитал на таквиот резидент, да го вклучи ослободениот доход или капитал.

д) Одредбите од потставот а) не важат за доходот што е остварен или капиталот што го поседува резидент на Австрија кога Македонија применува одредби од овој договор за ослободување на таквиот доход или капитал од оданочување или кога применува одредби од став 2 од член 10 на таквиот доход.

Член 23

ЕДНАКОВ ТРЕТМАН

(1) Државјаните на државата договорничка не подлежат на оданочување или друга обврска во врска со оданочувањето во другата држава договорничка кое е поинакво или потешко од оданочувањето и обврските во врска со оданочувањето на кое државјаните од другата држава под исти услови, особено со статус на резидент, подлежат или можат да подлежат. Оваа одредба, по исклучок на одредбите од член 1, исто така ќе се применува на лица кои не се резиденти на една или двете држави договорнички.

(2) Лицата без државјанство кои се резиденти на државата договорничка не подлежат во ниту една држава договорничка на оданочување или друга обврска во врска со оданочувањето, кое е поинакво или потешко од оданочувањето и обврските во врска со оданочувањето на кое државјаните од односната држава под исти услови, особено со статус на резидент, подлежат или можат да подлежат.

(3) Оданочувањето на постојаната деловна единица која претпријатието на државата договорничка ја има во другата држава договорничка не може да биде понеповолно во таа друга држава од оданочувањето на претпријатието на таа друга држава која врши иста дејност. Оваа одредба не може да се толкува како задолжителна за државата договорничка за да им одобри на резидентите од другата држава договорничка било какви лични олеснувања, ослободувања или намалувања за даночни цели по основ на граѓански статус или семејни обврски кои таа ги одобрува на своите резиденти.

(4) Каматата, приходите од авторски права и другите исплати платени од претпријатието на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка, заради одредување на оданочената добивка на тоа претпријатие, се одбиваат под истите услови како да се исплатени на резидент на првоспоменатата држава, освен во случаите наведени во став 1 на член 9, став 5 на член 11, или став 5 на член 12. Слично, долговите на претпријатието на државата договорничка на резидент на другата држава договорничка, заради определување на оданочување на капиталот на тоа претпријатие, се одбиваат под истите услови како да биле договорени за резидент на првоспоменатата држава.

(5) Претпријатието на државата договорничка, чиј капитал потполно или делумно е поседуван или контролиран, директно или индиректно, од страна на еден или повеќе резиденти на другата држава договорничка, нема да се оданочи со данок или да подлежи на друга обврска во врска со данок во првоспоменатата држава кое е поинакво или потешко од оданочувањето на обврските во врска со оданочувањето на кое други слични претпријатија од првоспоменатата држава се или може да бидат подложени.

(6) Одредбите на овој член, независно од одредбите од членот 2, ќе се применуваат на даноците од секој вид и опис.

Член 24

ПОСТАПКА ЗА ЗАЕМНО ДОГОВАРАЊЕ

(1) Кога едно лице смета дека активностите на едната или двете држави договорнички доведуваат или ќе доведат до тоа тој да не биде оданочен во согласност со одредбите на овој договор, тој може, без оглед на правните лекови предвидени со внатрешното законодавство на тие држави, да го изложи својот случај пред надлежниот орган на државата договорничка чиј е резидент или, доколку неговиот случај потпаѓа под став 1 од член 23, на онаа држава договорничка чиј е државјанин. Случајот мора да биде изложен во рок од три години од денот на првото известување за активноста која доведува до оданочување кое не е во согласност со одредбите на овој договор.

(2) Надлежниот орган, доколку смета дека жалбата е оправдана и ако не е во можност сам да дојде до задоволително решение, ќе настојува случајот да го реши со заедничко договарање со надлежниот орган на другата држава договорничка, заради одбегнување на оданочувањето кое не е во согласност со овој договор. Договорот кој што ќе се постигне ќе се спроведува без оглед на временските ограничувања во внатрешните закони на државите договорнички.

(3) Надлежните органи од државите договорнички ќе настојуваат да ги решат по пат на заеднички договор сите потешкотии или нејаснотии кои произлегуваат во однос на толкувањето или примената на овој договор. Тие можат заеднички да се консултираат за одбегнување на двојното оданочување во случаите кои не се предвидени со овој договор.

(4) Надлежните органи на државите договорнички можат непосредно да комуницираат, како и преку заедничка комисија составена од самите нив или нивни претставници, заради постигнување на договор во смисла на претходните ставови.

(5) Ако не е возможно надлежните органи да ги решат потешкотиите или нејаснотиите што произлегуваат од толкувањето или примената на овој договор во текот на постапката на меѓусебно договарање согласно претходните одредби од овој член во рамките на временскиот рок од две години од датумот на кој била започната постапката, случајот ќе биде презентиран, по барање на сите односни даночни обврзници, до арбитражниот суд од надлежниот орган на државата договорничка која ја започнала постапката за меѓусебно договарање. Арбитражниот суд се состои од еден претставник од секој надлежен орган на државите договорнички и по едно независно лице од секоја држава договорничка кое ке биде назначено од листата на арбитри според нивниот ранг. Арбитрите избираат друго лице за претседател, кое мора да ги поседува бараните квалификации за назначување во највисоките судски тела во својата земја, или да биде правник со признаена надлежност. Секоја земја назначува пет надлежни лица за листата арбитри. По негово барање, даночниот обврзник се изјаснува пред арбитражниот суд. Арбитражниот суд донесува одлука најдоцна шест месеци од датумот на кој му е упатен случајот. Одлуката е обврзувачка во врска со индивидуалниот случај на двете држави договорнички и сите односни даночни обврзници. .

Член 25

РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

(1) Надлежните органи на државите договорнички ќе разменуваат информации потребни за примена на одредбите на овој договор или внатрешните закони на државите договорнички кои се однесуваат на даноците опфатени со договорот заведени од страна на државите договорнички, или нивните политички единици или локални власти, доколку оданочувањето предвидено со тие закони не е во спротивност со договорот. Размената на информации не е ограничена со член 1. Секоја информација добиена од државата договорничка ќе се смета како тајна исто како и информациите добиени според внатрешните закони на таа држава, и можат да бидат откриени само на лицата или органите (вклучувајќи ги судовите и органите на управата), кои се надлежни за облог и наплата на даноците. присилната наплата или за прогон, во врска со решавање на жалба по однос на даноците опфатени во првата реченица. Овие лица или органи ќе ги користат информациите само за тие намени. Тие можат да ги откријат информациите во јавна судска постапка или во судските одлуки.

(2) Одредбите од ставот 1 не можат во никој случај да се толкуваат како воспоставување на обврски на државата договорничка да:

а) презема управни мерки кои не се во согласност со законите и управната пракса на таа или на другата држава договорничка;

б) дава информации кои не можат да се добијат врз основа на закон или во вообичаена управна практика на таа или на другата држава договорничка;

в) дава информации кои би откриле некоја трговска, деловна, индустриска, комерцијална или професионална тајна, или трговска постапка, или информација, чие откривање би било во спротивност со државната политика (јавниот поредок).

Член 26

ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИЦИ

Одредбите од овој договор нема да влијаат на фискалните привилегии на дипломатските или конзуларните претставници предвидени со општите правила на меѓународното право или со одредбите од посебните договори.

Член 27

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

(1) Овој договор ќе се ратификува и инструментите за ратификација ќе се разменат колку е можно побргу.

(2) Договорот ќе влезе во сила на 30-тиот ден по денот во кој се разменети инструментите за ратификација и неговите одредби ќе се применуваат на даноците за секоја фискална година почнувајќи на или после првиот ден од јануари во календарската година по годината во која инструментите за ратификација се разменети.

Член 28

ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ

Овој договор останува во сила се додека не го откаже една од државите договорнички. Секоја од државите договорнички може да го откаже овој договор, по дипломатски пат, со доставување на писмено известување за престанување на неговото важење најмалку шест месеци пред крајот на календарската година по истекот на пет години од денот на влегувањето во сила на договорот. Во таков случај, овој договор престанува да важи во однос на даноците на доход и капитал за секоја фискална година почнувајќи на или после првиот ден од јануари во календарската година по годината во која писменото известување за престанок на договорот било доставено.

КАКО ПОТВРДА ЗА ОВА потписниците, полноважно за тоа овластени, го потпишаа овој договор.

СОСТАВЕН во Скопје, на 10 септември 2007 година, во два оригинални примероци на македонски, германски и англиски јазик, сите текстови подеднакво веродостојни. Во случај на несогласување меѓу текстовите, англискиот текст ќе биде меродавен.

ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

ПРОТОКОЛ

На потпишувањето на договорот помеѓу Република Македонија и Република Австрија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос од данокот на доход и данокот на капитал, двете страни се договорија за следните одредби кои ќе претставуваат интегрален дел од спогодбата.

1. Во поглед на одредбата 3 од член 16

Разбирливо е дека одредбата 3 исто така ќе се применува на правните субјекти кои водат оркестри, театри, балетски групи како и на членови на таквите културни субјекти на долг рок ако таквите правни субјекти се воглавно непрофитни субјекти и ако тоа е потврдено од надлежната власт на државата на резидентство.

2. Интерпретација на договорот

Разбирливо е дека одредбите од договорот кои се нацрт согласно со кореспондентните одредби од ОЕЦД моделот за спогодбата за доход и капитал ќе се очекува генерално да го имаат истото значење како што го означува во ОЕЦД коментарот. Разбирањето во смисла на претходната реченица не ќе се применува по однос на следново:

а) сите резервации или обсервации на ОЕЦД моделот или неговиот коментар од која и да е држава договорничка;

б) сите спротивни толкувања во овој протокол;

в) секое спротивно толкување договорено од надлежните власти по стапувањето на сила на договорот.

ОЕЦД коментарот - кој може да биде прегледуван од време на време - претставува значења од толкување во смисла на Виенската конвенција од 23 мај 1969 година од Законот за договори.

КАКО ПОТВРДА ЗА ОВА потписниците, полноважно за тоа овластени, го потпишаа овој протокол.

СОСТАВЕН во Скопје, на 10 септември 2007 година, во два оригинални примероци на македонски, германски и англиски јазик, сите текстови подеднакво веродостојни. Во случај на несогласување во интерпретацијата, англискиот текст ќе биде меродавен.

ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

ABKOMMEN ZWISCHEN DER REPUBLIK MAZEDONIEN UND DER REPUBLIK ÖSTERREICH ZUR VERMEIDUNG DER DOPPELBESTEUERUNG UND ZUR VERHINDERUNG DER STEUERUMGEHUNG AUF DEM GEBIETE DER STEUERN VOM EINKOMMEN UND VOM VERMÖGEN

Die Republik Mazedonien und die Republik Österreich, von dem Wunsche geleitet, ein Abkommen zur Vermeidung der Doppelbesteuerung und zur Verhinderung der Steuerumgehung auf dem Gebiete der Steuern vom Einkommen und vom Vermögen abzuschließen,

haben Folgendes vereinbart:

Artikel 1

UNTER DAS ABKOMMEN FALLENDE PERSONEN

Dieses Abkommen gilt für Personen, die in einem Vertragsstaat oder in beiden Vertragsstaaten ansässig sind.

Artikel 2

UNTER DAS ABKOMMEN FALLENDE STEUERN

(1) Dieses Abkommen gilt, ohne Rücksicht auf die Art der Erhebung, für Steuern vom Einkommen und vom Vermögen, die für Rechnung eines Vertragsstaats oder seiner Gebietskörperschaften erhoben werden.

(2) Als Steuern vom Einkommen und vom Vermögen gelten alle Steuern, die vom Gesamteinkommen, vom Gesamtvermögen oder von Teilen des Einkommens oder des Vermögens erhoben werden, einschließlich der Steuern vom Gewinn aus der Veräußerung beweglichen oder unbeweglichen Vermögens, der Lohnsummensteuern sowie der Steuern vom Vermögenszuwachs.

(3) Zu den bestehenden Steuern, für die das Abkommen gilt, gehören insbesondere

a) in Mazedonien:

i) die persönliche Einkommensteuer;
ii) die Gewinnsteuer;
iii) die Vermögensteuer.
(im Folgenden als "mazedonische Steuer" bezeichnet).

b) in Österreich:

i) die Einkommensteuer;
ii) die Körperschaftsteuer;
iii) die Grundsteuer;
iv) die Abgabe von land- und forstwirtschaftlichen Betrieben;
v) die Abgabe vom Bodenwert bei unbebauten Grundstücken;
(im Folgenden als "österreichische Steuer" bezeichnet).

(4) Das Abkommen gilt auch für alle Steuern gleicher oder im Wesentlichen ähnlicher Art, die nach der Unterzeichnung des Abkommens neben den bestehenden Steuern oder an deren Stelle erhoben werden. Die zuständigen Behörden der Vertragsstaaten teilen einander die in ihren Steuergesetzen eingetretenen bedeutsamen Änderungen mit.

Artikel 3

ALLGEMEINE BEGRIFFSBESTIMMUNGEN

(1) Im Sinne dieses Abkommens, wenn der Zusammenhang nichts anderes erfordert,

a) bedeuten die Ausdrücke "ein Vertragsstaat" und "der andere Vertragsstaat", je nach dem Zusammenhang, Mazedonien oder Österreich;

b) bedeutet der Ausdruck "Mazedonien" das Hoheitsgebiet der Republik Mazedonien und bedeutet, im geografischen Sinn verwendet, das Land, die inländischen Seegewässer und den Seegrund, über die Mazedonien seine Jurisdiktion oder Hoheitsrechte für Zwecke der Erforschung, Ausbeutung, Konservierung und Bewirtschaftung der Bodenschätze gemäß dem innerstaatlichen Recht und dem Völkerrecht ausübt.

c) bedeutet der Ausdruck "Österreich" die Republik Österreich;

d) umfasst der Ausdruck "Person" natürliche Personen, Gesellschaften und alle anderen Personenvereinigungen;

e) bedeutet der Ausdruck "Gesellschaft" juristische Personen oder Rechtsträger, die für die Besteuerung wie juristische Personen behandelt werden;

f) bezieht sich der Ausdruck "Unternehmen" auf die Ausübung einer Geschäftstätigkeit;

